# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“
# Кавадарци

## Годишен извештај за воспитно-образовната работа на училиштето за учебната 2024/2025 година



Кавадарци, август 2025 година

# Содржина

Вовед........................................................................................................................................ 3

Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година ............... 9

Раководен кадар, стручни соработници, наставници ................................................................................ 9

Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2024/2025 год .. 12

Државна матура 2025 .................................................................................................................. 34

Реализирани активности во текот на учебната 2024/2025 година ...........................................44

Професионален развој на наставниците и стручните соработници ......................................................67

Заклучок ……………………………………………………………………………………………………………..84

ПРИЛОЗИ.....................................................................................................................................85

Ментори на проектни активности и содржини програмирани од училиштето .................................85

Раководители на паралелките...................................................................................................87

Стручни активи и одговорни наставници..................................................................................88

Реализација на наставата...........................................................................................................90

Ученици со учества и освоени награди од натпревари во учебната 2024/2025...................................91

Образовно рандеву 2025 ..........................................................................................................105

Европски квиз на пари 2025.....................................................................................................107

Екскурзија за учениците од прва и втора година ...................................................................109

Екскурзија за учениците од трета година ..............................................................................110

Учење преку работа кај работодавач .......................................................................................111

Феријална практика ....................................................................................................................115

Еразмус + ......................................................................................................................................119

Ученици со над 10 неоправдани изостаноци ..........................................................................120

Ученици со над 100 оправдани изостаноци.............................................................................121

Ученици без изостаноци..............................................................................................................123

Ученици со Одличен успех (со просек 5.00) ..........................................................................124

# Вовед

Годишниот извештај за работата на СОУ Гимназија „Добри Даскалов” Кавадарци за учебната 2024/2025 година е синтетизиран приказ на постигањата на учениците, извршените работи и работни задачи на наставниците, стручната служба и раководниот тим.

Тој ги опфаќа реализираните активности планирани во Годишната програма на училиштето, како и други активности иницирани од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Локалната Самоуправа, раководниот тим на училиштето, стручните соработници и Ученичката заедница. Од нив се согледуваат реалните постигања на учениците, наставниците и на училиштето во целост, при што произлегуваат и предлог мерките за подобрување на истите.

Содржините, резултатите и активностите изнесени во извештајот се темелат врз показатели и податоци од:

- Извештаи од раководителите на паралелките;
- Извештаи од наставниците;
- Извештаи од стручните соработници;
- Записници и извештаи од стручните активи;
- Извештаи од раководниот тим.

Во реализацијата на програмата за работење на училиштето, активно учество земаа наставниците, учениците и родителите, а свој придонес со учество дадоа и голем број надворешни соработници од заедницата, соработници од универзитети, од многу основни и средни училишта во регионот, државата и надвор од неа, невладини организации.

Извештајот содржи бројни споредби на успехот на паралелките во однос на самите себе, споредби на изостанувањата, на поведението.

Годишниот извештај со неговата содржина покажува дека Годишната програма е речиси во целост реализирана. Значителен број активности и задачи се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

Согласно Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта (Службен весник на РСМ број 164/24), наставната година започна на 2 септември 2024 година со сите претходно реализирани неопходни активности за успешно одвивање на воспитно-образовниот процес.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија, прво и второ полугодие. Првото полугодие започна на 2 септември 2024 година и заврши на 31 декември 2024 година. Второто полугодие започна на 20 јануари 2025 година и заврши на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршната година за кои редовната настава заврши на 16 мај 2025 година.

Во текот на учебната година учениците користеа зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започна на 1 јануари 2025 година и заврши на 19 јануари 2025 година. Летниот одмор започна на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

Навремено беа изготвени сите потребни документи за успешно организирање на воспитно-образовниот процес:

- Годишна програма за воспитно-образовната работа на училиштето,
- Распределба на задолжителните часови, проектните активности, слободните часови и содржините програмирани од училиштето по предметни наставници,
- Распоред на наставниците по паралелки, денови и часови,
- Распоред за дополнителна и додатна настава,
- Дополнителен распоред за изборните предмети (простор на одржување),
- Термини за индивидуални разговори со родители.

Сите наставници навремено ги доставија своите планирања, годишен глобален план, тематски планови и дневна подготовка во печатена и во електронска форма. Предметните наставници оваа учебна година ја реализираа наставата според наставни програми изготвени и објавени од страна на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Во својата лична евиденција, на електронски медиум, наставниците ги имаат изготвено критериумите за оценување, дневните подготовки, планот за дополнителна и додатна настава, како и други е-материјали потребни за реализација на наставниот час (презентации, тестови, личен план за професиоален развој и сл.).

Во предвидениот рок, наставниците – ментори на проектни активности, содржини програмирани од училиштето и слободни часови, навремено доставија програма за работа и истата квалитетно започнаа да ја реализираат.

Директорот и стручната служба континуирано ја следеа работата на наставниците со проверка на педагошката документација на сите наставници.

Пред почетокот на учебната година и во текот на истата, беа направени сите неопходни активности за одржување на училиштето и училишниот двор:

- Целосно чистење на училиштето,
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор,
- Чистење и уредување на училиштниот двор,
- Санитарни здравствено - хигиенски прегледи за сите вработени во училиштето,
- Систематски прегледи за учениците од прва и четврта година.

Во текот на месец септември-октомври 2024 година на сите ученици по паралелки и години им беа поделени:

- Бесплатните учебници,
- Ученичките книшки за учениците од прва година,
- Кодексот за однесување на ученици,
- Флаери за интеграција на еколошката програма,
- Флаери за термини и рокови за Државна матура за учениците од IV година,
- Флаери за подобрување на менталното здравје.

Во текот на учебната година во училиштето има направено и набавено:

- Набавка и монтирање на 14 инвертер клими ТЕСЛА,

- Набавка и поставување на 15 смарт ЛЦД телевизори,
- Набавка и ставање во употреба на автоматска лизгачка врата на влезот на учениците,
- Набавка и обнова на 30 канцелариски столчиња во наставничка канцеларија,
- Набавка на наставно-образовни помагала за сите стручни активи,
- Примена донација од 20 лаптоп компјутери од „Донирај компјутер“,
- Комплетна промена на електрична инсталација во 14 училници во стариот дел, на приземје и на први спрат, во кино-салата и во наставничка канцеларија.

Уписите за учениците во I година, за учебната 2024/2025 поминаа во добра организација и со задоволителни резултати. Интересот за учење во нашето училиште беше голем, но се запишаа ученици само по условите предвидени со објавениот Конкурс од страна на Министерството за образование и наука. И оваа година пријавувањето и аплицирањето беше по електронски пат.

За полагање на Државна матура се пријавија вкупно 142 ученици од гимназиско и стручно образование, од кои 140 редовни ученици и 2 вонредни ученици.

Од нив, 102 ученика се пријавија од гимназиско образование и 38 ученици се пријавија од стручното образование, сектор економија, право и трговија, односно 25 ученици од профилот Економски техничар и 13 ученици од профилот Правен техничар. Не се пријавија ученици за полагање Училишна матура и Завршен испит од редовните ученици.

Учениците - матуранти согласно насоките од Правилникот за полагање Државна матура во предвидениот рок избраа наставен предмет и тема за изработка на проектна задача и ги пополнија пријавите и потврдите за полагање на екстерните и интерните испити.

Училишната матурска комисија (УМК) ги спроведе сите потребни активности за писмено и електронско пријавување на кандидатите во базата на податоци на Државниот испитен центар (ДИЦ).

Учениците согласно концепцијата за полагање Државна матура во периодот од 1 април до 15 мај 2024 година, успешно ја одбранија проектната задача.

Само двајца ученика, од кои еден вонреден ученик и еден редовен ученик не ја положија државната матура, а останатите ученици успешно ја положија државната матура. Средната оценка на учениците на екстерниот дел е 4,56 и е значително поголема во однос на минатата учебна година кога просечниот успех на државната матура изнесуваше 4,06.

Текот и полагањето на сите предвидени испити од државната матура се одвиваше без никакви забелешки и проблеми.

Наставниот материјал се реализираше според претходно изготвените и планирани распределенија на наставниците, согласно Наставните планови и програми и Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта. И наставниот материјал и наставата се одвиваа без никакви проблеми и потешкотии.

Направени беа сите планирани тестови на знаења и писмени работи.

Предвидениот фонд на часови е, исто така, реализиран според планираното.

Три ученици беа упатени на испит на годината и ја завршија годината во дадениот период согласно Календарот за организација, а сите останати ученици, во сите

квалификациони периоди во  учебната 2024/2025 година беа навремено оценети по сите наставни предмети. Според покажаниот успех сите ученици ја завршија годината.

Нема ученици кои ја повторуваа годината.

Раководниот орган и стручната служба направија увид во електронскиот дневник и констатираа дека педагошката евиденција се води редовно и уредно.

На крајот од учебната година постигнат е просечен успех од 4,49 на ниво на училиште.

На ниво на години највисок просечен успех имаат учениците од IV (четврта) година 4,55 потоа учениците од II (втора) 4,53 и учениците од I (прва) година 4,53 и  учениците од III (трета) година имаат просечен успех  4,34.

На ниво на паралелки највисок просек имаат учениците од I-3 клас 4,93, а најнизок просек имаат учениците од  III-1 клас  3,60.

И оваа учебна година нашите ученици земаа масовно учество на сите натпревари, училишни активности, воннаставни активности, одбележувања на значајни датуми. Резултатите што ги постигнаа се вредни за почит и уште еднаш го потврдуваат неизмерниот потенцијал што постои во нашите ученици и професионалниот и стручен наставен кадар.

Во продолжение следуваат учениците и освоените први, втори и трети места на Државни и Меѓународни натпревари, а останатите учества и награди се прикажани во Прилог во Табеларен преглед на овој Годишен Извештај:

- Весна Давчева – освоено Прво место на Државен натпревар по Македонски јазик и литература, ментор: проф. Катица Манева,
- Театарска претстава „Евгениј Онегин“ – освоено Второ место на Меѓународен фестивал „Утрина ѕвезда“ во Банско, Р.Бугарија (11 ученици, ментори: проф. Васка Петкова и проф. Драган Вељковиќ),
- Софија Ѓорчева – освоено Второ место на Државен натпревар по математика, ментор: проф. Васка Трендафилова,
- Трајче Талев – освоено Прво место на Меѓународна олимпијада по Англиски јазик, ментор: проф. Ленча Анѓушева-Чаушева,
- Надица Ангелова – освоено Второ место на Државен натпревар по Англиски јазик, ментор: проф. Христинка Косовска,
- Матеа Дамова – освоено Второ место на Државен натпревар по Англиски јазик, ментор: проф. Александра Кароловска,
- Викторија Живковиќ – освоено Трето место на Државен натпревар по Англиски  јазик, ментор: проф. Александра Кароловска,
- Трајче Талев – освоено Прво место на Државен натпревар по Германски јазик, ментор: проф. Васка Таневска,
- Јана Димкова – освоено Прво место на Државен натпревар по Германски јазик, ментор: проф. Васка Таневска,
- Гордана Клинчарова – освоено Второ место на Државен натпревар по Германски јазик, ментор: проф. Васка Таневска,
- Божидар Давидовски – освоено Прво место на Државен натпревар по Хемија, ментор: проф. Даница Пецова,
- Љупчо Лалков – освоено Трето место на Државен натпревар по Хемија, ментор: проф. Даница Пецова,

- Ѓорѓи Пецов – освоено Второ место на Државен натпревар по Хемија, ментор: проф. Магдалена Убавкова,
- Божидар Давидовски – освоено Прво место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Елизабета Иговска,
- Елена Ризова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Елизабета Иговска,
- Весна Давчева – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Елизабета Иговска,
- Ана Коцева – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Трајче Шатков – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Елеонора Сеизова – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Цветанка Ристовска – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Стефанија Честојнова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Дамјан Павлески – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Зорана Каранфилова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Елена Илова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Ана Лазареска – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Александра Лазова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,
- Трајче Шатков – освоено Второ место на Државен натпревар по Географија, ментор: проф. Валентина Димитрова,
- Филип Милков – освоено Второ место на Државен натпревар по Информатика, ментор: проф. Наталија Камчева,
- Благица Трпкоска, Марија Манева, Живкица Стојанова, Александра Костадинова и Кристина Стојанова – освоено Трето место на Државен натпревар „Камп на иновации“, ментор: проф. Лоска Давчева,
- Филип Панов – освоено Второ место на Државен натпревар во Тенис, ментор: проф. Илија Шиков,
- Давид Јаќимовски – освоено Трето место на Државен натпревар во Тенис, ментор: проф. Блаже Велков,
- Доменика Митевска – освоено Прво место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Интервју за работа, ментор: проф. Душанка Иванова,
- Александар Стојков – освоено Прво место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Јавно говорење, ментор: проф. Васка Петкова,

- Александар Стојков – освоено Прво место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобра поетска творба, ментор: проф. Васка Петкова,
- Александра Лазарева, Александра Давитова, Михаил Чоклев и Марко Чаприќ – освоено Трето место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Серва, ментор: проф. Блаже Велков,
- Театарска претстава (11 ученици) – освоено Второ место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобра театарска претстава, ментор: проф. Васка Петкова,
- Ристе Стојанов, Александар Стојков, Васил Трајков и Марија Шалевска – освоено Второ место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобар REEL, ментор: проф. Васка Петкова,
- Најдобар штанд (10 ученици) – освоено Второ место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобар штанд, ментор: проф. Александра Ристова.

Дневникот за работа на паралелката континуирано и задолжително се водеше во електронска форма (Е-дневник), преку веб апликација која ја администрира Министерството за образование и наука. Истиот од страна на стручната служба се отпечатуваше на хартија на крајот на секој месец во текот на наставната година. (Службен весник на РСМ бр.48 од 01.03.2021 година).

Официјалната веб страна на училиштето www.dobridaskalov.edu.mk постојано се ажурираше со квалитетни содржини од активности на учениците и наставниците, важни публикации, документи, слики, видео-материјали, содржини на Moodle, соопштенија и сл.

Учениците од стручното образование, струка/сектор Економско-правна и трговска струка/економија, право и трговија, со профилите економски техничар и правен техничар, реализираа дел од Практичната настава надвор од училиштето, односно во други институции, согласно нивните годишни планирања.

Исто така, за учениците од стручното образование се реализираше и Феријална практика. Согласно новиот наставен план за реформирано модуларно дизајнирано стручно образование, феријалната практика ја реализираа учениците од I (прва), II (втора) и III (трета) година, струка: Економија, право и трговија.

Феријалната практика учениците ја реализираа во институциите и јавните претпријатија коишто се во надлежност на Општина Кавадарци.

Во текот на наставната година во завршната година на образованието се оствари вкупно 164 наставни денови (од предвидени најмалку 164 наставни денови, Службен весник на РСМ број 182/24), а за сите останати години на образование се оствари вкупно 180 наставни денови (од предвидени најмалку 180 наставни денови).

Наставната година заврши успешно на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршната година за кои редовната настава согласно Календарот за работа и организација заврши на 16 мај 2025 година.

Извештајот со содржината покажува дека Годишната програма е речиси во целост реализирана. И оваа учебна година беа спроведени и реализирани и некои други проекти и

активности кои што претходно не беа планирани со програмата. Значителен број активности и задачи се реализирани и извршени со потребниот квалитет и постигнати се поставените и очекуваните цели.

## Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа во учебната 2024/2025 година

### Раководен кадар, стручни соработници, наставници

**Раководен кадар:**
Директор: м-р Зоран Милевски, магистер по компјутерски науки, дипломиран професор по информатика, дипломиран инженер по информатика
Помошник директор: Нада Лазова, дипломиран професор по математика

**Стручни соработници:**
Психолог: Душанка Иванова, дипломиран психолог
Педагог: Јасминка Ризова, дипломиран педагог
Социолог: Стефанија Костадинова, дипломиран социолог
Библиотекар: Костадин Прокопов, професор по македонска јазик и литература и
Светлана Несторова-Мицев, проф. по француски јазик

Табела 1. Наставници кои ја реализираа воспитно-образовната работа

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Манева Катица | Проф. по истор. на книжев. на народ. на СФРЈ со македонски јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 2. | Еленова Гордана | Проф. по истор. на книжев. на народ. на СФРЈ со македонски јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 3. | Јосифова Ристенка | Проф. по истор.на книжев. на народ. на СФРЈ со макед. јазик | Македонски јазик и литература | 21 |
| 4. | Прокопов Костадин | Проф. по македонска книжев. и јужнослов. книжев. со макед. јазик | Македонски јазик и литература, Говорење и пишување | 21 |
| 5. | Кочов Кочо | Проф. по македонска книжев. и јужнослов. Книжевности | Македонски јазик и литература | 21 |
| 6. | Петкова Васка | Проф. по македонски јазик и книжевност | Македонски јазик и литература, Говорење и пишување | 21 |
| 7. | Поп-Ангелова Невенка | Професор по математика и информатика | Математика, Линеарна алгебра и аналитичка геометрија | 21 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Попова Соња | Професор по математика | Математика | 22 |
| 9. | Ѓорѓиева Сања/ Трендафилова Васка | Професор по математика | Математика, Математичка анализа | 21 |
| 10. | Илова Фиданка | Професор по математика | Математика, Алгебра, Математика за економисти | 21 |
| 11. | Нада Лазова | Професор по математика | Математика, Математичка анализа | 21 |
| 12. | Бошкова Менче/ Наталија Камчева | Магистер по компјутерски науки, Дипломиран професор по информатика, Дипломиран инженер по информатика | Информатика, Информатичка технологија, Програмски јазици | 20 |
| 13. | Лазова Благородна | Дипломиран инженер по електротехника | Информатика, Програмски јазици | 21 |
| 14. | Анѓушева-Чаушева Ленча | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 21 |
| 15. | Петреска Александра | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 21 |
| 16. | Илова Сања/ Кароловска Александра | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 19 |
| 17. | Косовска Христинка | Проф. по англиски ј. и книжевност | Англиски јазик | 20 |
| 18. | Несторова-Мицев Светлана | Проф. по француски ј. и книжевност | Француски јазик | 12 |
| 19. | Косовска Ѓурѓица | Дипломиран класичен филолог | Класичен јазик- Латински јазик | 8 |
| 20. | Костова Анастазија | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 21 |
| 21. | Таневска Васка | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 21 |
| 22. | Јованова Зорица | Проф. по германски ј. и книжевност | Германски јазик | 8 |
| 23. | Крстева Кристина | Дипломиран проф. по физика | Физика | 22 |
| 24. | Стојанов Ристе | Дипломиран проф. по физика | Физика | 20 |
| 25. | Коцева Богде | Дипломиран биолог | Биологија | 21 |
| 26. | Иговска Елизабета | Дипломиран биолог | Биологија | 20 |
| 27. | Пецова Даница | Дипломиран професор по хемија | Хемија | 21 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 28. | Убавкова Магдалена | Дипломиран инженер по хемија | Хемија | 21 |
| 29. | Димитрова Валентина | Дипломиран проф. по географија | Географија | 21 |
| 30. | Кузманова Данче | Дипломиран проф. по географија | Географија,<br>Економска географија | 6 |
| 31. | Пановски Горан | Проф. по историја | Историја | 21 |
| 32. | Матакова Наташа | Дипломиран проф. по историја | Историја | 23 |
| 33. | Бошкова Елизабета | Проф. по филозофија | Филозофија,<br>Логика | 22 |
| 34. | Иванова Душанка | Дипломиран психолог | Психологија | 2 |
| 35. | Амишева Александра | Дипломиран социолог | Социологија<br>Граѓанско образование | 20 |
| 36. | Костадинова Стефанија | Дипломиран социолог | Социологија | 4 |
| 37. | Велков Блаже | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 38. | Клинчаров Блашко | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 39. | Пецов Тимче | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 20 |
| 40. | Шиков Илија | Дипломиран професор по физичка култура | Спорт и спортски активности | 21 |
| 41. | Вељковиќ Драган | Дипломиран музичар теоретичар – педагог | Музичка уметност | 21 |
| 42. | Мукаетов Кирил | Дипломиран професор по ликовна уметност и графика | Ликовна уметност | 20 |
| 43. | Тодоровски Трајче | Дипломиран економист | Економски предмети | 23 |
| 44. | Давчева Лоска | Дипломиран економист | Економски предмети | 22 |
| 45. | Петров Костадинчо | Дипломиран економист | Економски предмети | 24 |
| 46. | Делова Жанета | Дипломиран економист | Економски предмети | 25 |
| 47. | Ристова Александра | Дипломиран правник | Правни предмети | 24 |
| 48. | Ралевска Татјана | Дипломиран правник | Правни предмети | 22 |

| Р.б. | Презиме и име на Наставникот | Образование | Предмет кој го предава | Бр. на наст. часови |
|---|---|---|---|---|
| 49. | Добринова Марија | Дипломиран правник | Правни предмети | 23 |

## Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната 2024/2025 година

### 1. Бројна состојба на учениците

Табела 1. Бројна состојба на учениците по години и пол

| Пол | I - прва година | II - втора година | III - трета година | IV - четврта година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Машки** | 60 | 55 | 58 | 52 | **225** |
| **Женски** | 77 | 100 | 87 | 88 | **352** |
| Вкупно | **137** | **155** | **145** | **140** | **577** |

Табела 1.2 Бројна состојба на учениците по години и пол во гимназиското образование

| Гимназиско образование | I - прва | | II - втора | | III - трета | | IV - четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на ученици | 37 | 53 | 42 | 63 | 42 | 57 | 41 | 61 | **162** | **234** |
| Вкупно | **90** | | **105** | | **99** | | **102** | | **396** | |

Табела 1.3 Бројна состојба на учениците по години и пол во стручното образование, сектор: економија, право и трговија

| Економија, правно и трговија | I - прва | | II - втора | | III - трета | | IV - четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на ученици | 23 | 24 | 13 | 37 | 16 | 30 | 11 | 27 | **63** | **118** |
| Вкупно | **47** | | **50** | | **46** | | **38** | | **181** | |

Гимназиско образование ----------------------------- 90 + 105 + 99 + 102 = 396

Економија, правно и трговија (стручно) ------------ 47 + 50 + 46 + 38 = 181

Вкупно -------------------------------------------------------- 137 + 155 + 145 + 140 = 577

Табела 1.4 Бројна состојба на учениците во гимназиско образование по изборни подрачја

| Р.бр. | Изборни подрачја | I година | | | II година | | | III година | | | IV година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. | м | ж | вк. |
| 1. | Општествено - хуманистичко А | 5 | 8 | 13 | 5 | 7 | 12 | 16 | 19 | 35 | 6 | 22 | 28 |
| 2. | Општествено - хуманистичко Б | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 3. | Природно - математичко А | 23 | 25 | 48 | 31 | 37 | 68 | 25 | 20 | 45 | 29 | 22 | 51 |
| 4. | Природно - математичко Б | 9 | 20 | 29 | 6 | 19 | 25 | 1 | 18 | 19 | 6 | 17 | 23 |
| | **Вкупно** | **90** | | | **105** | | | **99** | | | **102** | | |

Табела 2. Бројна состојба на учениците по вид на образование

| Гимназиско образование | | | | Стручно образование | | | | | | | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Изборни подрачја:** општествено-хуманистичко и природно-математичко | | | Економски техничар | | | Правен техничар | | | Економско, правна и трговска струка | | | Гимназиско и стручно образование | | |
| | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** | **Вк.** | **М** | **Ж** |
| **I** | **90** | 37 | 53 | 28 | 20 | 8 | 19 | 3 | 16 | **47** | 23 | 24 | **137** | 60 | 77 |
| **ОХ-А** | 13 | 5 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 5 | 8 |
| **ПМ-А** | 48 | 23 | 25 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 48 | 23 | 25 |
| **ПМ-Б** | 29 | 9 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 29 | 9 | 20 |
| **II** | **105** | 42 | 63 | 34 | 12 | 22 | 16 | 1 | 15 | **50** | 13 | 37 | **155** | 55 | 100 |
| **ОХ-А** | 12 | 5 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12 | 5 | 7 |
| **ПМ-А** | 68 | 31 | 37 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 68 | 31 | 37 |
| **ПМ-Б** | 25 | 6 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25 | 6 | 19 |
| **III** | **99** | 42 | 57 | 30 | 13 | 17 | 16 | 3 | 13 | **46** | 16 | 30 | **145** | 58 | 87 |
| **ОХ-А** | 35 | 16 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35 | 16 | 19 |
| **ПМ-А** | 45 | 25 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45 | 25 | 20 |
| **ПМ-Б** | 19 | 1 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 | 1 | 18 |
| **IV** | **102** | 41 | 61 | 25 | **7** | **18** | 13 | 4 | 9 | **38** | 11 | 27 | **140** | 52 | 88 |
| **ОХ-А** | 28 | 6 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28 | 6 | 22 |
| **ПМ-А** | 51 | 29 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51 | 29 | 22 |
| **ПМ-Б** | 23 | 6 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 | 6 | 17 |
| **Сè вкупно** | **396** | **162** | **234** | **117** | **52** | **65** | **64** | **11** | **53** | **181** | **63** | **118** | **577** | **225** | **352** |

Табела 3.  Ученици според припадност на етничката заедница по години

| Година | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Турци | | | Хрвати | | | Вкупно ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. | М | Ж | вк. |
| **I** | 60 | 76 | **136** | 0 | 1 | **1** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **60** | **77** | **137** |
| **II** | 55 | 99 | **154** | 0 | 0 | **0** | 0 | 1 | **1** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **55** | **100** | **155** |
| **III** | 58 | 85 | **143** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 1 | **1** | 0 | 1 | **1** | **58** | **87** | **145** |
| **IV** | 52 | 87 | **139** | 0 | 0 | **0** | 0 | 1 | **1** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | **52** | **88** | **140** |
| **Вкупно** | **225** | **347** | **572** | 0 | 1 | **1** | 0 | 2 | **2** | 0 | 1 | **1** | 0 | 1 | **1** | **225** | **352** | **577** |

Од вкупно 577 ученици на ниво на училиште, 572 ученици се Македонци, а 5 ученици се од друга етничка заедница.

2 ж. Србинки
1 ж. Турчинка
1 ж. Хрватка
1 ж. Ромка

Табела 4. Бројна состојба на учениците по години, паралелки, пол, изостаноци, просечен број изостаноци и просечен успех

| Клас | М | Ж | Вкупно | Оправ. | Неоп. | Вкупно изоста. | Пр.бр. изо. | Пр.бр. опр. | Пр.бр. нео. | Просе. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 9 | 12 | 21 | 607 | 7 | 614 | 29,24 | 28,90 | 0,33 | 4,13 |
| I-2 | 7 | 9 | 16 | 395 | 5 | 400 | 25,00 | 24,69 | 0,31 | 4,89 |
| I-3 | 6 | 9 | 15 | 523 | 8 | 531 | 35,40 | 34,87 | 0,53 | **4,93** |
| I-4 | 10 | 7 | 17 | 602 | 0 | 602 | 35,41 | 35,41 | 0 | 4,85 |
| I-5 | 5 | 16 | 21 | 520 | 8 | 528 | 25,14 | 24,76 | 0,38 | 4,79 |
| I-6 | 20 | 8 | 28 | 1328 | 93 | 1421 | 50,75 | 47,43 | 3,32 | 4,10 |
| I-7 | 3 | 16 | 19 | 695 | 52 | 747 | 39,32 | 36,58 | 2,74 | **4,05** |
| | **60** | **77** | **137** | **3975** | **121** | **4096** | **29,89** | **29,01** | **0,88** | **4,53** |
| II-1 | 5 | 7 | 12 | 345 | 32 | 377 | 31,42 | 28,75 | 2,67 | **3,93** |
| II-2 | 14 | 9 | 23 | 1080 | 56 | 1136 | 49,39 | 46,96 | 2,43 | **4,87** |
| II-3 | 5 | 16 | 21 | 1173 | 27 | 1200 | 57,14 | 55,86 | 1,29 | 4,63 |
| II-4 | 12 | 12 | 24 | 1201 | 54 | 1255 | 52,29 | 50,04 | 2,25 | 4,83 |
| II-5 | 6 | 19 | 25 | 890 | 57 | 947 | 37,88 | 35,60 | 2,28 | 4,64 |
| II-6 | 12 | 22 | 34 | 1679 | 101 | 1780 | 52,35 | 49,38 | 2,97 | 4,48 |
| II-7 | 1 | 15 | 16 | 443 | 20 | 463 | 28,94 | 27,69 | 1,25 | 4,34 |
| | **55** | **100** | **155** | **6811** | **347** | **7158** | **44,20** | **42,04** | **2,16** | **4,53** |
| III-1 | 8 | 9 | 17 | 1266 | 91 | 1357 | 79,82 | 74,47 | 5,35 | **3,60** |
| III-2 | 7 | 10 | 17 | 1236 | 67 | 1303 | 76,65 | 72,71 | 3,94 | 3,92 |
| III-3 | 12 | 10 | 22 | 782 | 66 | 848 | 38,55 | 35,55 | 3,00 | 4,71 |
| III-4 | 14 | 10 | 24 | 1028 | 66 | 1094 | 45,58 | 42,83 | 2,75 | **4,77** |
| III-5 | 1 | 18 | 19 | 821 | 78 | 899 | 47,32 | 43,21 | 4,11 | 4,75 |
| III-6 | 13 | 17 | 30 | 1808 | 120 | 1928 | 64,27 | 60,27 | 4,00 | 4,07 |
| III-7 | 3 | 13 | 16 | 576 | 36 | 612 | 38,25 | 36,00 | 2,25 | 4,60 |
| | **58** | **87** | **145** | **7517** | **524** | **8041** | **55,45** | **51,84** | **3,61** | **4,34** |
| IV-1 | 5 | 12 | 17 | 822 | 44 | 866 | 50,94 | 48,35 | 2,59 | 4,35 |
| IV-2 | 8 | 14 | 22 | 1904 | 127 | 2031 | 92,32 | 86,55 | 5,77 | 4,53 |
| IV-3 | 11 | 10 | 21 | 1296 | 121 | 1417 | 67,48 | 61,71 | 5,76 | 4,71 |
| IV-4 | 11 | 8 | 19 | 1006 | 97 | 1103 | 58,05 | 52,95 | 5,11 | 4,75 |
| IV-5 | 6 | 17 | 23 | 1144 | 112 | 1256 | 54,61 | 49,74 | 4,87 | **4,80** |
| IV-6 | 7 | 18 | 25 | 1885 | 186 | 2071 | 82,84 | 75,40 | 7,44 | **4,09** |
| IV-7 | 4 | 9 | 13 | 977 | 74 | 1051 | 80,85 | 75,15 | 5,69 | 4,63 |
| | **52** | **88** | **140** | **9034** | **761** | **9795** | **69,96** | **64,53** | **5,65** | **4,55** |
| **Вкуп.** | **225** | **352** | **577** | **27337** | **1753** | **29090** | **50,42** | **47,38** | **3,04** | **4,49** |

Во ПРВА година просечниот успех изнесува **4,53**
Во ВТОРА година просечниот успех изнесува **4,53**
Во ТРЕТА година просечниот успех изнесува **4,34**
Во ЧЕТВРТА година просечниот успех изнесува **4,55.**
Просечниот успех на ниво на училиште е **4,49.**
Минатата година бил 4,48, а предминатата година бил 4,49.

Изминатите учебни години: (4,49), (4,38), (4,25), (4,16), (4,06), (3,93), (3,98), (4,00), (4,03).

На ниво на години највисок просечен успех имаат учениците од IV (четврта) година 4,55 потоа учениците од II (втора) 4,53 и учениците од I (прва) година 4,53 и учениците од III (трета) година имаат просечен успех 4,34.

На ниво на паралелки највисок просек имаат учениците од **I-3 клас 4,93**, а најнизок просек имаат учениците од **III-1 клас 3,60**.

Графикон 1. Споредба на просечниот успех во учебните 2022/23, 2023/24 и 2024/25 година



## 2. Успех на учениците

Табела 1. Преглед на просечниот училиштен успех на учениците по години, паралелки и образование на крајот на учебната 2024/2025 година

| Паралелки | | Просечен успех | Паралелки | | Просечен успех | Паралелки | | Просечен успех | Паралелки | | Просечен успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 21 | 4,13 | **II-1** | 12 | **3,93** | **III-1** | 17 | **3,60** | **IV-1** | 17 | 4,35 |
| **I-2** | 16 | 4,89 | **II-2** | 23 | **4,87** | **III-2** | 17 | 3,92 | **IV-2** | 22 | 4,53 |
| **I-3** | 15 | **4,93** | **II-3** | 21 | 4,63 | **III-3** | 22 | 4,71 | **IV-3** | 21 | 4,71 |
| **I-4** | 17 | 4,85 | **II-4** | 24 | 4,83 | **III-4** | 24 | **4,77** | **IV-4** | 19 | 4,75 |
| **I-5** | 21 | 4,79 | **II-5** | 25 | 4,64 | **III-5** | 19 | 4,75 | **IV-5** | 23 | **4,80** |
| **Просечен успех во гимназиско образование: 4,60** | | | | | | | | | | | |
| **I-6** | 28 | 4,10 | **II-6** | 34 | **4,48** | **III-6** | 30 | 4,07 | **IV-6** | 25 | 4,09 |
| **I-7** | 19 | 4,05 | **II-7** | 16 | 4,34 | **III-7** | 16 | 4,60 | **IV-7** | 13 | 4,63 |
| **Просечен успех во стручно образование: 4,26** | | | | | | | | | | | |
| **Просечен успех гимназиско и стручно образование: 4,49** | | | | | | | | | | | |

Просечниот успех во гимназиското образование е **4,60**, а во стручното образование е **4,26.**
**На ниво на училиште просечниот успех е 4,49.**

Графикон 2. Просечен успех на паралелките на крајот на учебната 2024/2025 година



Табела 2.  Успехот на учениците на крајот на учебната 2024/2025 година

| Успех | Прва | | Втора | | Трета | | Четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| **Одлични** | 94 | 68,61 | 109 | 70,32 | 86 | 59,31 | 99 | 70,71 | 388 | 67,24 |
| **Мн.добри** | 28 | 20,44 | 35 | 22,58 | 36 | 24,83 | 34 | 24,29 | 133 | 23,05 |
| **Добри** | 15 | 10.95 | 11 | 7,10 | 23 | 15,86 | 6 | 4,29 | 55 | 9,53 |
| **Доволни** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0,71 | 1 | 0,17 |
| **Вкупно ученици** | **137** | | **155** | | **145** | | **140** | | **577** | |

На крајот на учебната година, најголем процент од учениците 67,24% имаат Одличен успех, Многу добар успех имаат 23,05% од учениците, Добар успех имаат 9,53% од учениците и Доволен успех имаат 0,17% од учениците.

Графикон 3.  Општиот успех на крајот на учебната  2024/2025 година



Табела 3. Успех на учениците по пол на крајот на учебните 2023/2024 и 2024/2025 година

| Успех | Учебна 2023/2024 година | | | | | | Учебна 2024/2025 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | % | Ж | % | Вкупно | % | М | % | Ж | % | Вкупно | % |
| Одлични | 144 | 62,88 | 253 | 69,13 | 397 | 66,72 | 138 | 61,33 | 250 | 71,02 | 388 | 67,24 |
| Многу добри | 59 | 25,76 | 84 | 22,95 | 143 | 24,03 | 62 | 27,56 | 71 | 20,17 | 133 | 23,05 |
| Добри | 23 | 10,04 | 28 | 7,65 | 51 | 8,57 | 25 | 11,11 | 30 | 8,52 | 55 | 9,53 |
| Доволни | 3 | 1,31 | 1 | 0,27 | 4 | 0,67 | 0 | 0 | 1 | 0,28 | 1 | 0,17 |
| **Вкупно** | 229 | | 366 | | 595 | | 225 | | 352 | | 577 | |

Во однос на полот и во учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025 година, најголем процент и кај машките и кај женските ученици имаат Одличен успех.

Графикон 4. Споредба на успехот по пол на крајот од учебната 2024/2025 година




Табела 3.1 Успех на учениците по пол и години на крајот на учебната 2024/2025 година

| Успех | Прва | | | Втора | | | Трета | | | Четврта | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | м | ж | Вк. | Вкупно | % |
| Одлични | 36 | 58 | **94** | 39 | 70 | **109** | 26 | 60 | **86** | 37 | 62 | **99** | **388** | **67,24** |
| Мн.добри | 17 | 11 | **28** | 11 | 24 | **35** | 19 | 17 | **36** | 15 | 19 | **34** | **133** | **23,05** |
| Добри | 7 | 8 | **15** | 5 | 6 | **11** | 13 | 10 | **23** | 0 | 6 | **6** | **55** | **9,53** |
| Доволни | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 1 | **1** | **1** | **0,17** |
| Вкупно | 60 | 77 | **137** | 55 | 100 | **155** | 58 | 87 | **145** | 52 | 88 | **140** | **577** | **100** |

Табела 4. Успехот на учениците од прва година по паралелки и предмети

| **Р.б.** | **Предмети** | **I-1** | **I-2** | **I-3** | **I-4** | **I-5** | **I-6** | **I-7** | **Просек по предмет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,38 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,95 | 3,75 | 4,16 | 4,61 |
| 2. | Математика | 3,19 | 4,62 | 4,66 | 4,35 | 4,47 | 3,75 | **3,37** | 4,06 |
| 3. | Англиски прв јазик | 3,76 | 4,75 | 4,93 | 4,59 | 4,47 | 3,71 | **3,21** | 4,20 |
| 4. | Германски втор јазик | 3,35 | 4,87 | 4,92 | 4,76 | 4,45 | 3,35 | 3,75 | 4,21 |
| 5. | Француски втор јазик | 3,50 | | 4,50 | | **5,00** | 3,80 | **2,71** | 3,90 |
| 6. | Историја | 3,81 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,95 | 4,11 | 3,89 | 4,54 |
| 7. | Географија | 4,10 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,90 | | | 4,80 |
| 8. | Физика | 4,10 | 4,93 | **5,00** | 4,94 | 4,86 | | | 4,77 |
| 9. | Хемија | 4,14 | 4,68 | 4,66 | 4,53 | 4,29 | | | 4,46 |
| 10. | Биологија | 4,05 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,90 | | | 4,79 |
| 11. | Информатика | 4,76 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,75 | 4,42 | 4,85 |
| 12. | Спорт и спортски активности | 4,95 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,86 | **5,00** | 4,97 |
| 13. | Ликовна уметност | 4,90 | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | 4,95 | 4,98 |
| 14. | Музичка уметност/култура | 4,19 | 4,81 | 4,93 | 4,85 | 4,86 | 4,11 | 3,95 | 4,53 |
| 15. | Граѓанско образование | | | | | | 3,61 | 3,68 | 3,65 |
| 16. | Претприемништво и бизнис | | | | | | 3,82 | 4,00 | 3,91 |
| 17. | Деловна комуникација | | | | | | 4,71 | 4,68 | 4,70 |
| 18. | Право и државно уредување | | | | | | 3,86 | 3,95 | 3,91 |
| 19. | Економска географија | | | | | | 3,96 | | 3,96 |
| | **Просек по паралелка** | **4,13** | **4,89** | **4,93** | **4,85** | **4,79** | **4,10** | **4,05** | **4,53** |

На ниво на ПРВА година највисок просечен успех имаат учениците од I-3 клас 4,93, а најнизок просечен успех имаат учениците од I-7 клас 4,05.

**По паралелки највисок просечен успех има по предметите:**

- Македонски јазик и литература 5,00 во I-2, I-3, I-4 клас
- Француски јазик 5,00 во I-5 клас (еден ученик)
- Историја 5,00 во I-2, I-3, I-4 клас
- Географија 5,00 во I-2, I-3, I-4 клас
- Физика 5,00 во I-3 клас
- Биологија 5,00 во I-2, I-3, I-4 клас
- Информатика 5,00 во I-2, I-3, I-4 и I-5 клас
- Спорт и спортски активности 5,00 во I-2, I-3, I-4, I-5 и I-7 клас
- Ликовна уметност 5,00 во I-2, I-3, I-4, I-5 и I-6 клас

**По паралелки најнизок просечен успех е по предметот:**

- Француски јазик – втор странски јазик 2,71 во I-7 клас (7 ученици)
- Англиски јазик 3,21 во I-7 клас
- Математика 3,37 во I-1 клас

**На ниво на прва година по предмети највисок просечен успех е по предметот**:

- Ликовна уметност 4,98
- Спорт и спортски активности 4,97

- Информатика 4,85
- Географија 4,80
- Биологија 4,79
- Физика 4,77

**На ниво на прва година по предмети најнизок просечен успех е по предметот:**

- Граѓанско образование 3,65
- Француски јазик – втор странски јазик 3,90
- Право и државно уредување 3,91
- Претприемништво и бизнис 3,91

Табела 5. Успехот на учениците од втора година по паралелки и предмети

| **Р.б.** | **Предмети** | **II-1** | **II-2** | **II-3** | **II-4** | **II-5** | **II-6** | **II-7** | **Просек по предмет** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,33 | 4,52 | 4,14 | 4,67 | 4,24 | 4,12 | 4,31 | 4,19 |
| 2. | Математика | 3.50 | 4,83 | 4,71 | 4,75 | 4,24 | 4,18 | 3,88 | 4,30 |
| 3. | Англиски прв јазик | 3,67 | 4,81 | 4,76 | 4,83 | 4,52 | 4,68 | 4,56 | 4,55 |
| 4. | Француски втор јазик | 2,00 | | 4,67 | | 3,00 | 4,67 | 4,33 | 3,73 |
| 5. | Германски втор јазик | 4,00 | 4,91 | 4,56 | 4,79 | 4,74 | 4,19 | 4,08 | 4,47 |
| 6. | Историја | 4,17 | 4,96 | 4,52 | 4,79 | 4,40 | 4,53 | 4,25 | 4,52 |
| 7. | Географија | 3,83 | **5,00** | 4,71 | 4,92 | 4,76 | | | 4,64 |
| 8. | Физика | 3,83 | 4,83 | 4,57 | 4,79 | 4,52 | | | 4,51 |
| 9. | Хемија | 3,42 | 4,87 | 4,52 | 4,75 | 4,68 | | | 4,45 |
| 10. | Биологија | 3,75 | 4,91 | 4,71 | 4,83 | 4,80 | | | 4,60 |
| 11. | Социологија | 3,42 | 4,87 | 4,38 | 4,79 | 4,56 | | | 4,40 |
| 12. | Спорт и спортски активности | 4,83 | **5,00** | 4,90 | 4,96 | **5,00** | 4,97 | 4,69 | 4,91 |
| 13. | Музичка уметност | 3,67 | 4,69 | 4,52 | 4,79 | 4,56 | | | 4,45 |
| 14. | Ликовна уметност | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | **5,00** | | | 5,00 |
| 15. | Информатичка технологија-изб. | | 4,91 | 4,80 | 4,88 | | | | 4,86 |
| 16. | Латински јазик-изб. | | | | | **5,00** | | | 5,00 |
| 17. | Говорење и пишување-изб. | 4,92 | | | | | | | 4,92 |
| 18. | Основи на сметководство | | | | | | 4,38 | | 4,38 |
| 19. | Информатика | | | | | | 4,47 | 4,06 | 4,27 |
| 20. | Претприемништво и бизнис | | | | | | 4,38 | 4,50 | 4,44 |
| 21. | Право и државно уредување | | | | | | 4,32 | 4,12 | 4,22 |
| 22. | Внатрешна трговија | | | | | | 4,50 | | 4,50 |
| 23. | Статистика | | | | | | 4,94 | | 4,94 |
| 24. | Административно-канцелариски работи | | | | | | | 4,62 | 4,62 |
| 25. | Административно право | | | | | | | 4,06 | 4,06 |
| 26. | Стварно право | | | | | | | 4,75 | 4,75 |
| | **Просек по паралелка** | **3,93** | **4,87** | **4,63** | **4,83** | **4,64** | **4,48** | **4,34** | **4,53** |

На ниво на ВТОРА година највисок просечен успех имаат учениците од II-2 клас 4,87, а најнизок просечен успех имаат учениците од II-1 клас 3,93.

**По паралелки највисок просечен успех 5,00 учениците имаат по:**

- Географија 5,00 во II-2 клас
- Спорт и спортски активности 5,00 во II-2 и II-5 клас
- Ликовна уметност 5,00 во II-1, II-2, II-3, II-4 и II-5 клас
- Латински јазик - изборен предмет 5,00 во II-5 клас
- Спорт и спортски активности 4,97 во II-6 и 4,96 во II-4 клас
- Историја 4,96 во II-2 клас
- Статистика 4,94 во II-6 клас
- Говорење и пишување 4,92 во II-1 клас
- Биологија 4,91 во II-2 клас
- Информатичка технологија – изборен предмет 4,91 во II-2 клас
- Германски јазик - втор странски јазик 4,91 во II-2 клас
- Географија 4,91 во II-4 клас

**По паралелки најнизок просечен успех е по предметот:**

- Француски јазик – втор странски јазик 2,00 во II-1 клас (1 ученик)
- Француски јазик – втор странски јазик 3,00 во II-5 клас (2 ученика)
- Македонски јазик и литература 3,33 во II-1 клас
- Хемија 3,42 во II-1 клас
- Социологија 3,42 во II-1 клас

**На ниво на втора година по предмети највисок просечен успех е по предметот:**

- Ликовна уметност 5,00
- Латински јазик - изборен предмет 5,00
- Статистика 4,94
- Говорење и пишување – изборен предмет 4,92
- Спорт и спортски активности 4,91
- Информатичка технологија - изборен предмет 4,86
- Стварно право 4,75
- Географија 4,64
- Биологија 4,60

**На ниво на втора година по предмети најнизок просечен успех е по предметот:**

- Француски јазик – втор странски јазик 3,73
- Административно право 4,06

Табела 6. Успехот на учениците од трета година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | | 3,59 | 3,76 | 4,91 | 4,75 | 4,74 | 4,10 | 4,63 | 4,35 |
| 2. | Математика | | 2,94 | 3,41 | 4,55 | 4,33 | 4,42 | | | 3,93 |
| 3. | Англиски јазик - прв странски јазик | | 4,35 | 4,35 | 4,91 | **5,00** | 4,89 | 4,00 | 4,38 | 4,55 |
| 4. | Француски јазик - втор странски јазик | | 3,00 | | 3,25 | | 4,00 | | | 3,42 |
| 5. | Германски јазик - втор странски јазик | | 3,31 | 3,35 | 4,39 | 4,83 | 4,41 | | | 4,06 |
| 6. | Историја | | 3,41 | 3,76 | 4,86 | 4,83 | 4,68 | | | 4,31 |
| 7. | Физика | | 3,82 | 4,18 | 4,86 | 4,92 | 4,84 | | | 4,52 |
| 8. | Хемија | | 3,00 | 3,24 | 4,05 | 4,50 | 4,53 | | | 3,86 |
| 9. | Биологија | | 3,35 | 3,88 | 4,86 | 4,88 | 4,84 | | | 4,36 |
| 10. | Спорт и спортски активности | | 4,59 | 4,82 | 4,95 | **5,00** | **5,00** | 4,30 | 4,81 | 4,78 |
| 11. | Линеарна алгебра | **Природно-математичко А** | | | 4,64 | 4,62 | | | | 4,63 |
| 12. | Алгебра | | | | 4,73 | 4,50 | | | | 4,62 |
| 13. | Програмски јазици | | | | **5,00** | **5,00** | | | | 5,00 |
| 14. | Програмски јазици | **Природно-математичко Б** | | | | | **5,00** | | | 5,00 |
| 15. | Географија | | | | | | 4,74 | | | 4,74 |
| 16. | Латински јазик | | | | | | **5,00** | | | 5,00 |
| 17. | Вовед во правото | **Општествено-хуманистичко А** | 3,00 | 3,53 | | | | | | 3,27 |
| 18. | Социологија | | 3,18 | 3,76 | | | | | | 3,47 |
| 19. | Латински јазик | | 4,76 | 4,94 | | | | | | 4,85 |
| 20. | Статистика | | | | | | | | | 4,75 |
| 21. | Лични финансии -изборен | | | | | | | 4,10 | | 4,10 |
| 22. | Математика за економисти | | | | | | | **3,07** | | 3,07 |
| 23. | Економија | | | | | | | 4,70 | 4,69 | 4,70 |
| 24. | Социологија | | | | | | | 3,47 | 4,88 | 4,18 |
| 25. | Надворешна трговија | | | | | | | 4,70 | | 4,70 |
| 26. | Маркетинг | | | | | | | 3,40 | | 3,40 |
| 27. | Финансиско сметководство | | | | | | | 3,15 | | 3,15 |
| 28. | Финансиско работење | | | | | | | 4,17 | | 4,17 |
| 29. | Трговско право | | | | | | | 3,34 | 4,25 | 3,80 |
| 30. | Административно канцелариски работи | | | | | | | | 4,69 | 4,69 |
| 31. | Управно процесно право | | | | | | | | 4,50 | 4,50 |
| 32. | Облигации | | | | | | | | 4,44 | 4,44 |
| 33. | Кривично право | | | | | | | | 4,25 | 4,25 |
| 34. | Адвокатско работење и медијација | | | | | | | | 4,56 | 4,56 |
| 35. | Учење преку работа кај работодавач | | | | | | | **5,00** | **5,00** | 5,00 |
| | **Просек по паралелка** | | **3,60** | **3,92** | **4,71** | **4,77** | **4,75** | **4,07** | **4,60** | **4,34** |

На ниво на ТРЕТА година највисок просечен успех имаат учениците од III-4 клас 4,77, а најнизок просечен успех имаат учениците од III-1 клас 3,60.

**По паралелки највисок просечен успех има по предметите:**

- Англиски јазик 5,00 во III-4 клас
- Спорт и спортски активности 5,00 во III-4 и III-5 клас
- Програмски јазици – изборен предмет 5,00 во III-3, III-4 и III-5 клас
- Латински јазик - изборен предмет ПМ-Б 5,00 во III-5 клас
- Учење преку работа кај работодавач 5,00 во III-6 клас и III-7 клас
- Спорт и спортски активности 4,95 во III-3 клас
- Латински јазик - изборен предмет ПМ-Б 4,94 во III-2 клас
- Физика 4,92 во III-4 клас
- Англиски јазик 4,91 во III-3 клас
- Македонски јазик и литература 4,91 во III-3 клас

**По паралелки најнизок просечен успех има по предметите:**

- Математика 2,94 во III-1 клас
- Француски јазик – втор странски јазик 3,00 во III-1 клас
- Хемија 3,00 во III-1 клас
- Вовед во правото – изборен предмет ОХ-А 3,00 во III-1 клас
- Математика за економисти 3,07 во III-6 клас
- Социологија – изборен предмет ОХ-А 3,18 во III-1 клас
- Хемија 3,24 во III-2 клас
- Германски јазик - втор странски јазик 3,31 во III-1 клас

**На ниво на трета година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**

- Програмски јазици – изборен предмет ПМ-А 5,00
- Програмски јазици – изборен предмет ПМ-Б 5,00
- Латински јазик - изборен предмет ПМ-Б 5,00
- Учење преку работа кај работодавач 5,00
- Латински јазик – изборен предмет ОХ-А 4,85
- Спорт и спортски активности 4,78

**На ниво на трета година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**

- Математика за економисти 3,07
- Вовед во правото – изборен предмет ОХА 3,27
- Француски јазик – втор странски јазик 3,42
- Социологија – изборен предмет ОХА 3,47

Табела 7. Успехот на учениците од четврта година по паралелки и предмети

| Р.б. | Предмети | | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Просек по предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | | 4,47 | 4,82 | **5,00** | 4,89 | **5,00** | 4,32 | 4,62 | 4,73 |
| 2. | Англиски јазик - прв странски јазик | | 3,94 | 4,55 | 4,81 | 4,89 | 4,74 | 3,40 | 4,08 | 4,34 |
| 3. | Француски јазик - втор странски јазик | | 3,00 | | | **5,00** | | | | 4,00 |
| 4. | Германски јазик - втор странски јазик | | 4,43 | 4,73 | 4,90 | 4,69 | **5,00** | | | 4,75 |
| 5. | Математика | | 3,82 | 3,86 | 4,24 | 4,47 | 4,09 | | | 4,10 |
| 6. | Филозофија | | 4,53 | 4,32 | 4,76 | 4,89 | 4,78 | | | 4,66 |
| 7. | Бизнис и претприемништво | | 4,12 | 4,36 | 4,57 | 4,79 | 4,87 | | | 4,54 |
| 8. | Спорт и спортски активности | | 4,82 | 4,91 | **5,00** | **5,00** | 4,87 | 4,84 | 4,69 | 4,88 |
| 9. | Економија | **Општествено-хуманистичко А** | 4,18 | 4,45 | | | | | | 4,32 |
| 10. | Менаџмент | | 4,59 | 4,55 | | | | | | 4,57 |
| 11. | Логика | | 4,71 | 4,55 | | | | | | 4,63 |
| 12. | Историја | | 4,53 | 4,27 | | | | | | 4,40 |
| 13. | Прогр. јазици | **Природно-математичко А** | | 4,82 | 4,71 | | | | | 4,77 |
| 14. | Мат. анализа | | | 4,91 | 4,19 | | | | | 4,55 |
| 15. | Физика | | | 4,73 | 4,57 | | | | | 4,65 |
| 16. | Физика | **Природно-математичко Б** | | | | | 4,83 | | | 4,83 |
| 17. | Хемија | | | | | | 4,87 | | | 4,87 |
| 18. | Биологија | | | | | | **5,00** | | | 5,00 |
| 19. | Математика за економисти | | | | | | | 3,44 | | 3,44 |
| 20. | Економија | | | | | | | 4,04 | 4,77 | 4,41 |
| 21. | Осигурување | | | | | | | 4,12 | | 4,12 |
| 22. | Учење преку работа кај работодавач | | | | | | | **5,00** | **5,00** | 5,00 |
| 23. | Менаџмент и бизнис планирање | | | | | | | 3,96 | | 3,96 |
| 24. | Банкарско работење | | | | | | | 3,84 | | 3,84 |
| 25. | Финансиско сметководство | | | | | | | 3,88 | | 3,88 |
| 26. | Психологија | | | | | | | 4,12 | 4,77 | 4,45 |
| 27. | Логика | | | | | | | 4,08 | 4,85 | 4,47 |
| 28. | Кореспонденција | | | | | | | | 4,54 | 4,54 |
| 29. | Кривична постапка | | | | | | | | 4,69 | 4,69 |
| 30. | Трудово право | | | | | | | | 4,38 | 4,38 |
| 31. | Нотарско и извршителско работење | | | | | | | | 4,54 | 4,54 |
| 32. | Граѓанско процесно право | | | | | | | | 4,69 | 4,69 |
| | | | **4,35** | **4,53** | **4,71** | **4,75** | **4,80** | **4,09** | **4,63** | **4,55** |

На ниво на ЧЕТВРТА година највисок просек имаат учениците од IV-5 клас 4,80, а најнизок од IV-6 клас 4,09.

**По паралелки највисок просечен успех има по предметите:**

- Македонски јазик и литература 5,00 во IV-3 и IV-5 клас
- Француски јазик – втор странски јазик 5,00 во IV-4 клас
- Германски јазик – втор странски јазик 5,00 во IV-5 клас
- Спорт и спортски активности 5,00 во IV-3 и IV-4 клас
- Биологија - изборен предмет ПМ-Б подрачје 5,00 во IV-5 клас

- Учење преку работа кај работодавач 5,00 во IV-6 и IV-7 клас
- Спорт и спортски активности 4,91 во IV-2 клас
- Математичка анализа - изборен предмет ПМ-А подрачје 4,91 во IV-2 клас
- Германски јазик – втор странски јазик 4,90 во IV-3 клас

**По паралелки најнизок просечен успех има по предметот:**
- Француски јазик - втор странски јазик 3,00 во IV-1 клас
- Англиски јазик - прв странски јазик 3,40 во IV-6 клас
- Математика за економисти 3,44 во IV-6 клас

**На ниво на четврта година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**
- Учење преку работа кај работодавач 5,00
- Биологија – изборен предмет 5,00 во ПМ-Б подрачје
- Спорт и спортски активности 4,88
- Хемија – изборен предмет 4,87 во ПМ-Б подрачје
- Физика – изборен предмет 4,83 во ПМБ подрачје

**На ниво на четврта година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**
- Математика за економисти 3,44
- Банкарско работење 3,84.

## 3. Редовност на учениците

На ниво на година најмногу изостаноци имаат учениците од IV - четврта година 9795, потоа учениците од III - трета година 8041, па учениците од II – втора година 7158 и најмалку имаат учениците од I - прва година 4096 изостаноци.

Табела 1. Изостаноци по години на крајот на учебната 2024/2025 година

| Изостаноци | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Број | Просеч.број |
| **Оправдани** | 3975 | 6811 | 7517 | 9034 | **27337** | **47,38** |
| **Неоправдани** | 121 | 347 | 524 | 761 | **1753** | **3,04** |
| **Вкупно** | **4096** | **7158** | **8041** | **9795** | **29090** | **50,42** |

### 3.1 Споредба на изостаноците на крајот на учебните 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година

Табела 1. Вкупно изостаноци по години

| Година | 2022/2023 година (588 ученици) | 2023/2024 година (595 ученици) | 2024/2025 година (577 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 6329 ; 43,35 | 6600 ; 42,04 | 4096 ; 29,89 |
| **II** - втора | 6871 ; 49,08 | 8379 ; 57,39 | 7158 ; 44,20 |
| **III** - трета | 8629 ; 56,77 | 8037 ; 57,82 | 8041 ; 55,45 |
| **IV** - четврта | 6686 ; 44,57 | 9260 ; 60,52 | 9795 ; 69,96 |
| **Вкупно** | **28 515 ; 48,49** | **32 276 ; 54,24** | **29090 ; 50,42** |

На ниво на училиште имаме помалку изостаноци во однос на минатата учебна година.

На ниво на година најголем број на вкупно изостаноци имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку вкупно изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најмногу изостаноци имаат учениците од IV-2 клас, просечен број 92,32, а најмалку имаат учениците од I-2 клас, просечен број 25,00.

Табела 2.  Оправдани изостаноци по години

| Година | 2022/2023 година (588 ученици) | 2023/2024 година (595 ученици) | 2024/2025 година (577 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 6074 ; 41,60 | 6409 ; 40,82 | 3975 ; 29,01 |
| **II** - втора | 6255 ; 44,68 | 7779 ; 53,28 | 6811 ; 42,04 |
| **III** - трета | 8136 ; 53,53 | 7554 ; 54,35 | 7517 ; 51,84 |
| **IV** - четврта | 6360 ; 42,40 | 8671 ; 56,67 | 9034 ; 64,53 |
| **Вкупно** | **26 825 ; 45,62** | **30 413 ; 51,11** | **27337 ; 47,38** |

На ниво на училиште имаме помалку оправдани изостаноци во однос на минатата учебна година.

На ниво на година најмногу оправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку оправдани изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најголем број оправдани изостаноци имаат учениците од IV-2 клас, просечен број 86,55, а најмал број оправдани изостаноци имаат учениците од I-2 клас, просечен број 24,69.

Табела 3.  Неоправдани изостаноци по години

| Година | 2022/2023 година (588 ученици) | 2023/2024 година (595 ученици) | 2024/2025 година (577 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 255 ; 1,75 | 191 ; 1,22 | 121 ; 0,88 |
| **II** - втора | 616 ; 4,40 | 600 ; 4,11 | 347 ; 2,16 |
| **III** - трета | 493 ; 3,25 | 483 ; 3,47 | 524 ; 3,61 |
| **IV** - четврта | 326 ; 2,17 | 589 ; 3,85 | 761 ; 5,65 |
| **Вкупно** | **1 690 ; 2,87** | **1 863 ; 3,13** | **1753 ; 3,04** |

На ниво на училиште имаме помалку неоправдани изостаноци во однос на минатата учебна година.

На ниво на година најмногу неоправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку неоправдани изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најголем број неоправдани изостаноци имаат учениците од IV-6 клас, просечен број 7,44, а најмал број, односно немаат ниту еден неоправдан учениците од  I-4 клас.

Табела 4. Просечен број на изостаноци по години и паралелки

| Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци | Клас | Просечен број изостаноци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 29,24 | **II-1** | 31,42 | **III-1** | **79,82** | **IV-1** | **50,94** |
| **I-2** | **25,00** | **II-2** | 49,39 | **III-2** | 76,65 | **IV-2** | **92,32** |
| **I-3** | 35,40 | **II-3** | **57,14** | **III-3** | 38,55 | **IV-3** | 67,48 |
| **I-4** | 35,41 | **II-4** | 52,29 | **III-4** | 45,58 | **IV-4** | 58,05 |
| **I-5** | 25,14 | **II-5** | 37,88 | **III-5** | 47,32 | **IV-5** | 54,61 |
| **I-6** | **50,75** | **II-6** | 52,35 | **III-6** | 64,27 | **IV-6** | 82,84 |
| **I-7** | 39,32 | **II-7** | **28,94** | **III-7** | **38,25** | **IV-7** | 80,85 |
| | **29,89** | | **44,20** | | **55,45** | | **69,96** |
| **50,42** | | | | | | | |

На ниво на паралелки најголем просечен број на изостаноци има паралелката 4-2 клас со 92,32 изостаноци, а најмал просечен број на изостаноци има паралелката 1-2 клас со 25,00 изостаноци.

Графикон 1. Просечен број на изостаноци по паралелки во учебната 2024/2025 година



## 4. Поведение на учениците

Табела 1. Поведение на учениците по години и паралелки

| Клас | Примерно | Добро | Незадоволително | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 21 | 0 | 0 | 21 |
| **I-2** | 16 | 0 | 0 | 16 |
| **I-3** | 15 | 0 | 0 | 15 |
| **I-4** | 17 | 0 | 0 | 17 |
| **I-5** | 21 | 0 | 0 | 21 |
| **I-6** | 27 | 1 | 0 | 28 |
| **I-7** | 19 | 0 | 0 | 19 |
| **Вкупно** | **136** | **1** | **0** | **137** |
| **II-1** | 12 | 0 | 0 | 12 |
| **II-2** | 23 | 0 | 0 | 23 |
| **II-3** | 20 | 1 | 0 | 21 |
| **II-4** | 23 | 1 | 0 | 24 |
| **II-5** | 25 | 0 | 0 | 25 |
| **II-6** | 34 | 0 | 0 | 34 |
| **II-7** | 16 | 0 | 0 | 16 |
| **Вкупно** | **153** | **2** | **0** | **155** |
| **III-1** | 14 | 3 | 0 | 17 |
| **III-2** | 17 | 0 | 0 | 17 |
| **III-3** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **III-4** | 24 | 0 | 0 | 24 |
| **III-5** | 19 | 0 | 0 | 19 |
| **III-6** | 30 | 0 | 0 | 30 |
| **III-7** | 16 | 0 | 0 | 16 |
| **Вкупно** | **142** | **3** | **0** | **145** |
| **IV-1** | 16 | 1 | 0 | 17 |
| **IV-2** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **IV-3** | 21 | 0 | 0 | 21 |
| **IV-4** | 19 | 0 | 0 | 19 |
| **IV-5** | 22 | 1 | 0 | 23 |
| **IV-6** | 20 | 5 | 0 | 25 |
| **IV-7** | 13 | 0 | 0 | 13 |
| **Вкупно** | **133** | **7** | **0** | **140** |
| **Сè вкупно** | **564** | **13** | **0** | **577** |

Табела 2. Поведение на учениците по години

| Поведение | Прва | | Втора | | Трета | | Четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| **Примерно** | **136** | 99,27 | **153** | 98,71 | **142** | 97,93 | **133** | 95 | **564** | **97,75** |
| **Добро** | **1** | 0,73 | **2** | 1,29 | **3** | 2,07 | **7** | 5 | **13** | **2,25** |
| **Незадоволително** | **0** | 0 | **0** | 0 | **0** | 0 | **0** | 0 | **0** | **0** |
| **Вкупно ученици** | **137** | | **155** | | **145** | | **140** | | **577** | |

Табела 3. Поведението на учениците во последните три години

| Поведение | Учебна 2022/2023 година | Учебна 2023/2024 година | Учебна 2024/2025 година |
|---|---|---|---|
| **Примерно** | 579 (98,47%) | 580 (97,48%) | 564 (97,75%) |
| **Добро** | 8 (1,36%) | 13 (2,18%) | 13 (2,25%) |
| **Незадоволително** | 1 (0,17%) | 2 (0,34%) | 0 |
| **Вкупно ученици** | **588** | **595** | **577** |

## Изречени педагошки мерки

На 15 ученици од прва до четврта година им се изречени педагошки мерки.

Педагошките мерки се изречени согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки. Причина за нивното изрекување е нередовноста на учениците во наставата, а само мал дел е непримерно однесување.

| Р.бр. | Паралелка | Име и презиме | Неоправдани изостаноци | Педагошка мерка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | I-6 | Љупче Атанасов | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 2. | I-6 | Апостол Рамов | / | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 3. | I-6 | Давид Филипов | / | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 4. | II-3 | Лусија Колева | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 5. | I-4 | Марко Гурев | 15 | Писмена опомена од Советот на паралелката |
| 6. | III-1 | Давид Зафиров | 11 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 7. | III-1 | Елена Јанева | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 8. | III-1 | Славица Јанева | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 9. | IV-1 | Даниел Шалев | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 10. | IV-5 | Давид Кујунџиќ | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | IV-6 | Атанас Димков | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 12. | IV-6 | Ивана Ѓерѓева | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 13. | IV-6 | Ивана Стојанова | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 14. | IV-6 | Елена Трајковска | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 15. | IV-6 | Александар Туриманџов | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |

## 5. НАСТАВА

**Реализација на планираниот фонд на наставни часови**

**ПРВА година 98,94 %**

| | **I-1** | **I-2** | **I-3** | **I-4** | **I-5** | **I-6** | **I-7** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1152 | 1080 | 1152 | 1080 | 1152 | 1260 | 1152 | **8028** |
| **Реализирани часови** | 1137 | 1074 | 1139 | 1071 | 1143 | 1243 | 1136 | **7943** |
| **Разлика** | **15** | **6** | **13** | **9** | **9** | **17** | **16** | **85** |

**ВТОРА година 98,78 %**

| | **II-1** | **II-2** | **II-3** | **II-4** | **II-5** | **II-6** | **II-7** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1224 | 1152 | 1224 | 1152 | 1224 | 1152 | 1260 | **8388** |
| **Реализирани часови** | 1207 | 1136 | 1210 | 1140 | 1209 | 1142 | 1242 | **8286** |
| **Разлика** | **17** | **16** | **14** | **12** | **15** | **10** | **18** | **102** |

**ТРЕТА година 97,39 %**

| | **III-1** | **III-2** | **III-3** | **III-4** | **III-5** | **III-6** | **III-7** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1152 | 1080 | 1152 | 1080 | 1152 | 1152 | 1152 | **7920** |
| **Реализирани часови** | 1125 | 1052 | 1126 | 1053 | 1119 | 1115 | 1123 | **7713** |
| **Разлика** | **27** | **28** | **26** | **27** | **33** | **37** | **29** | **207** |

**ЧЕТВРТА година  98,57 %**

| | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1053 | 1287 | 990 | 1056 | 990 | 1056 | 1056 | 7488 |
| **Реализирани часови** | 1047 | 1271 | 979 | 1046 | 974 | 1032 | 1032 | 7381 |
| **Разлика** | **6** | **16** | **11** | **10** | **16** | **24** | **24** | **107** |

Од табеларните прегледи за реализација на наставата може да се заклучи дека наставата, односно наставните часови се во најголем процент реализирани, односно на ниво на училиште реализацијата изнесува 98,42 %.

Реализирани се сите наставни единици и содржини согласно планирањата на предметните наставници по сите наставни предмети.

## 6. Државна матура 2024

Државна матура е збир од повеќе екстерни и интерни испити со кои се проверуваат и се вреднуваат знаењата, вештините и способностите на учениците кои ги стекнале во четиригодишно средно образование.

Спроведувањето на државната матура во четиригодишното средно образование има за цел: подигање на општото ниво на знаења, умеења и способности кај учениците, следење и контрола на реализацијата на наставните програми, заокружување на образованието со испити и стекнување диплома за завршено средно образование, поквалитетна и поправедна селекција при влезот во високото образование, информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени по пат на валидни и веродостојни мерења.

Прв официјален документ со кој е дефиниран моделот на испити на крајот од средното четиригодишно образование е Концепцијата за матура и за завршен испит во јавното средно образование во Република Македонија донесена во 2005 година, која потоа во два наврати беше изменета и дополнета, согласно потребните предуслови за нејзина поуспешна реализација.

Со овој значаен документ во четиригодишното средно образование, се предвидени следните модели на испити: државна матура, училишна матура и завршен испит. Заедничко за сите видови на испити од овој модел е што секој од нив се состои од три дела и тоа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Државната матура има двојна улога: селективна и сертификатна. Притоа, треба да се има предвид дека кај државната матура е понагласена селективната улога. Училишната матура и завршниот испит имаат само сертификатна улога. Сепак, мора да се нагласи дека во Концепцијата е обезбедена доволно добра поврзаност помеѓу државната матура и училишната матура, односно завршниот испит. На кандидатите кои примарно ќе полагаат училишна матура или завршен испит, им се дава можност во некоја од наредните години да полагаат и државна матура.

Проектната задача е проучување на проблем кој ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области. Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за: самостојно планирање, проучување и

истражување на одделни проблеми, самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија, планирање и изведување на експерименти, презентирање на добиените сознанија од проучувањето.

Проверувањето и оценувањето на екстерните делови од испитите и екстерните испити го вршат надворешни оценувачи.

Проверувањето и оценувањето на интерните делови од испитите и интерните испити се врши од страна на училишните предметни комисии, согласно испитните програми.

Проверувањето и оценувањето на проектната задача во гимназиското, стручното и

уметничкото образование се врши интерно пред соодветна комисија од училиштето, согласно испитните програми.

Почнувајќи од учебната 2007/2008 година учениците од IV година полагаат Државна матура. Учениците кои планираат да го продолжат своето образование на високо-образовните институции полагаат Државна матура, а оние ученици кои имаат поинакви планови полагаат Училишна матура од гимназиското образование, односно Завршен испит од стручното образование.

Концепцијата за Државна матура претрпува измени.

Државната матура во учебната 2022/2023 година за учениците од гимназиското образование се состои од:

Екстерен дел:

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;

- прв изборен наставен предмет: странски јазик (англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик) или математика;

Интерен дел:

- втор и трет изборен наставен предмет: се бира од понудената листа на наставни предмети;

- проектна задача.

Државната матура во учебната 2022/2023 година за учениците од средното стручно образование се состои од:

Екстерен дел:

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;

- прв изборен наставен предмет: странски јазик (англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик) или математика;

Интерен дел:

- втор изборен наставен предмет од листата на општообразовни предмети;

- трет изборен наставен предмет: ученикот избира изборен пакет кој може да биде составен од еден или повеќе модули и еден или повеќе предмети, дадени во испитните програми за државна матура и завршен испит за секој образовен профил/квалификација;

- проектна задача.

Оваа учебна година Училишната матурска комисија (УМК) ги направи сите неопходни подготовки за полагање на државна матура согласно Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во Државна матура.

Учениците согласно Концепцијата за полагање Државна матура, во периодот од месец април до месец мај 2024 година, успешно ја одбранија проектната задача.

Табела 1.   Преглед на ученици кои пријавиле Државна матура, Училишна матура и Завршен испит по вид на образование и профили во учебната 2024/2025 година

| Ред. бр. | Матура/ Завршен испит | Гимназиско образование | | Економско-правна и трговска струка (стручно образование) | | | | | | Вкупно | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Економски техничар | | Правен техничар | | Вкупно | | | |
| | | **јуни** | **август** | **јуни** | **август** | **јуни** | **август** | **јуни** | **август** | **јуни** | **август** |
| 1. | Државна матура | **103** (102 р. +1в.) | **2** (1р+1в. | **25** | **/** | **14** (13 р. +1в.) | **/** | **39** (38 р. +1в.) | **/** | **142** (140 р. +2 в.) | **2** |
| 2. | Училишна матура | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| 3. | Завршен испит | **/** | **/** | **1** (вонр.) | **/** | **/** | **/** | **1** (вонр.) | **/** | **1** (вонр.) | **/** |
| **Вкупно:** (Држ. матура, училишна матура и завршен испит) | | **103** | **2** | **26** | **/** | **14** | **/** | **40** | **/** | **143** | **2** |

Во јунскиот испитен рок државна матура полагаа вкупно 142 ученици, од кои 140 редовни и 2 вонредни ученик, Од нив 103 се ученици од гимназиско образование и 39 ученици од стручното образование. Завршен испит пријави и положи 1 вонредна ученичка.

Во авустовскиот испитен рок државната матура ја полагаа 2 ученици, од кои 1 не ја положи државната матура во јунскиот испитен рок и 1 ученик што беше отсутен. Во овој рок и 2 ученици што го пријавија испитот по Македонски јазик и литература не го положија. Овие ученици ќе ја полагаат државната матура следната учебна година година.

Државна матура во учебната 2024/2025  положиле 139 ученици, двајца ученици не положиле, а една ученичка не се јавила на испитите. Завршен испит пријавила и положила 1 вонредна ученичка.

## Интерен дел – Проектна задача

Сите ученици кои пријавија државна матура успешно ја одбранија проектната задача во периодот од 1 април до 15 мај 2025 година.

Резултатите од презентацијата и одбраната на Проектната задача за Државна матура се прикажани во следната табела.

Табела 1. Просечен успех од проектните задачи по предмети од Државна матура 2025

| Р.бр. | Предмет | Просечен успех |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 5,00 |
| 2. | Англиски јазик | 5,00 |
| 3. | Бизнис и претприемништво | 5,00 |
| 4. | Маркетинг | 5,00 |
| 5. | Менаџмент и бизнис планирање | 5,00 |
| 6. | Економија (ОХ-А) | 5,00 |
| 7. | Економија (стручно) | 4,93 |
| 8. | Математика | 5,00 |
| 9. | Кривична постапка | 4,80 |
| 10. | Кривично право | 4,80 |
| 11. | Облигации | 5,00 |
| 12. | Историја | 4,00 |
| 13. | Географија | 5,00 |
| 14. | Информатика | 5,00 |
| 15. | Биологија | 5,00 |
| 16. | Физика | 4,90 |
| 17. | Психологија | 5,00 |
| 18. | Ликовна уметност | 5,00 |
| 19. | Филозофија | 5,00 |
| 20. | Социологија | 5,00 |
| 21. | Спорт и спортски активности | 4,80 |
| 22. | Хемија | 5,00 |
| 23. | Трговско | 5,00 |
| 24. | Банкарско работење | 5,00 |
| 25. | Музичка уметност | 5,00 |
| | **Просечен успех** | **4,93** |

На презентацијата и одбраната на проектната задача, Одличен успех со просек 5,00 учениците имаат постигнато по 19 наставни предмети, од вкупно 25 наставни предмети кои што се дадени погоре во табелата.

Предмети по кои просекот не е 5,00 се: економија стручно 4,93, кривична постапка 4,80, кривично право 4,80, историја 4,00, физика 4,90, спорт и спортски активности 4,80.

Најнизок просечен успех за одбрана на проектната задача учениците имаат постигнато по наставниот предмет историја 4,00.

Графикон 1. Преглед на резултатите од одбраната на проектна задача
по предмети за државна матура 2025



**Интерен дел – Интерни испити**

Во периодот од 17.06 до 27.06.2025 година во училиштето беше реализирано полагањето на интерните испити од изборниот дел на државната матура, училишна матура и завршен испит.

Резултатите од полагањето на интерните испити од изборниот дел на државната матура се прикажани во следната табела.

Табела 1. Просечен успех од интерните испити по предмети од Државна матура 2025

| Р.бр. | Предмет | Просечен успех |
|---|---|---|
| 1. | Биологија | 4,95 |
| 2. | Административно-канцелариско работење | 4,92 |
| 3. | Трговија и маркетинг | 4,32 |
| 4. | Географија | 5,00 |
| 5. | Англиски јазик | 5,00 |
| 6. | Германски јазик | 5,00 |
| 7. | Математика | 4,60 |
| 8. | Филозофија | 5,00 |
| 9. | Историја | 4,85 |
| 10. | Социологија | 4,33 |
| 11. | Физика | 5,00 |
| 12. | Хемија | 5,00 |
| 13. | Ликовна уметност | 4,90 |
| 14. | Информатика | 5,00 |
| | **Просечен успех** | **4,85** |

Во јунскиот испитен рок, сите ученици успешно ги положија интерните испити.

Графикон 1. Просечен успех од вториот и третиот изборен предмет од Државната матура во учебната 2025 година (Интерни испити)




**Екстерен дел – Екстерни испити**

Во продолжение следуваат табеларните прегледи за постигањата на учениците – матуранти од полагањето на екстерните испити од државната матура.

Табела 1. Приказ на просечниот успех на учениците на ДМ од екстерните предмети

| **Предмет** | **Државна матура** |
|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4,13 |
| Англиски јазик | 4,63 |
| Математика | 4,5 |
| Германски јазик | 5,00 |

Графикон 1. Преглед на просечниот екстерен успех на  државна матура 2025



Табела 2. Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна матура 2008 година до 2024 година

| Р.бр. | Предмети | ДМ 2019 | ДМ 2018 | ДМ 2017 | ДМ 2016 | ДМ 2015 | ДМ 2014 | ДМ 2013 | ДМ 2012 | ДМ 2011 | ДМ 2010 | ДМ 2009 | ДМ 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,84 | 3,77 | 3,57 | 3,98 | 3,93 | 3,41 | 3,84 | 3,80 | 4,18 | 3,43 | 3,71 | 3,44 |
| 2. | Англиски јазик | 3,4 | 3,36 | 3,43 | 3,48 | 3,59 | 3,72 | 3,57 | 3,83 | 3,73 | 3,39 | 3,89 | 4,28 |
| 3. | Француски јазик | / | 4,66 | / | / | / | / | / | 3,22 | 3,50 | 4,30 | 3,64 | / |
| 4. | Германски јазик | 4 | 4,5 | 4,66 | 4,50 | 3,00 | 5,00 | / | 4,50 | 3,50 | 4,50 | 4,33 | / |
| 5. | Руски јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | / | / |
| 6. | Математика | 4,12 | 3,77 | 3,55 | 3,43 | 2,5 | 3,29 | 3,71 | 3,19 | 3,55 | 2,89 | 3,32 | 3,20 |
| 7. | Бизнис | 3,94 | 3,92 | 3,72 | 3,75 | 4,31 | 3,67 | / | / | / | / | / | / |
| 8. | Филозофија | 4,71 | 4,01 | 3,42 | 3,55 | 2,67 | 3,93 | / | / | / | / | / | / |
| 9. | Историја | 4,15 | 4,19 | 3,7 | 4,04 | 2,87 | 3,87 | / | / | / | / | / | / |
| 10. | Биологија | 4,43 | 3,85 | 4,33 | 4,35 | 3,28 | 3,19 | / | / | / | / | / | / |
| 11. | Социологија | 4,12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 12. | Хемија | / | / | 3,00 | 4,80 | 4,50 | / | / | / | / | / | / | / |
| 13. | Физика | / | / | 3,00 | 3,50 | 3,00 | / | / | / | / | / | / | / |
| Просечен успех | | 3,86 | 3,71 | 3,63 | 3,77 | 3,50 | 3,59 | 3,72 | 3,76 | 3,93 | 3,38 | 3,71 | 3,67 |

Табела 2.1 Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна матура

| **Р.бр.** | **Предмети** | **ДМ 2025** | **ДМ 2024** | **ДМ 2023** | **ДМ 2022** | **ДМ 2021** | **ДМ 2020 (учениците не полагаа)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,13 | 3,64 | 4,41 | 4,46 | 3,97 | / |
| 2. | Англиски јазик | 4,63 | 3,82 | 3,98 | 4,16 | 3,60 | / |
| 3. | Француски јазик | / | / | / | / | / | / |
| 4. | Германски јазик | 5,00 | / | / | 5,00 | 5,00 | / |
| 5. | Математика | 4,5 | 4,72 | 5,00 | 4,43 | 4,29 | / |
| **Просечен успех** | | **4,56** | **4,06** | **4,28** | **4,33** | **3,87** | **/** |

Графикон 1. Преглед на споредбата на просечниот успех на екстерните предмети на државна матура од 2008 година до 2025 година




Од приказот може да се забележи дека постигнатиот успех на ниво на училиште (4,56) за оваа учебна година е повисок во однос на претходните години.

Се надеваме дека и наредната учебна година учениците од нашето училиште ќе постигнат високи резултати на државната матура благодарение на ангажираноста на учениците и наставниците, амбициозноста, трудољубивоста, одговорноста и сериозниот пристап на учениците кон обврските.

## Реализирани активности во текот на учебната 2024/2025 година

## 1. СЕМИНАРИ, ОБУКИ, ПРЕДАВАЊА, РАБОТИЛНИЦИ

### Едукативен семинар за ученици „Демократијата и Собранието“

За да се приближи работата на Собранието до младата популација што ќе придонесе за развивање на нивната свест за придобивките од демократијата и ќе ги поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост, учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ од образовниот профил Правен техничар на 19.09.2024 година учествуваа на едукативен семинар во Скопје на тема: „Демократијата и Собранието“. Одговорни наставници беа Александра Ристова наставник по правни предмети и Татјана Ралевска наставник по правни предмети.

Преку содржини прилагодени на возраста со комбинација на теоретски предавања, практични вежби, игри и видео проекции учениците работеа на темите, парламентарна демократија и нејзиниот историски развој во Македонија, работата на Собранието, изборот на народните претставници и донесување на законите со што ги продлабочија знаењата за управувањето со општеството и власта во Република Северна Македонија.

На задоволство на присутните семинарот започна со организирана обиколка на свечениот дел на зградата на Собранието и тоа салата Македонија, Борис Трајковски, кристална сала, салата на Уставна комисија, охридска и струшка соба, спомен соба на АСНОМ, салата длаборез, холот со портрети и салата под големата купола.

### Младинска работилница SPEAK UP FORUM 3

На 19.09.2024 година учениците Елена Илова III-3, Цветанка Ристевска III-3, Надица Цветковска III-3, Јован Дамјанов IV-2, Тодор Пењушков IV-5, Игнат Петров IV-5, Методиј Јованчев IV-5, Марија В’чкова IV-5, Марија Николова IV-5, Влатко Гурев IV-5, Филип Попов IV-4, Милица Коцева III-4, Александар Стојков IV-7 зедоа учество на работилницата SPEAK UP FORUM 3 организирана од страна на Центар за климатски промени во соработка со Општина Кавадарци и УНИЦЕФ.

На работилницата младите имаа можност да ги претстават нивните барања за почист воздух во Општина Кавадарци и за нивната можност за реализација од страна на општината. Одговорен наставник за оваа активност беше Стефанија Костадинова -стручен соработник социолог.

### Презентација на Младински Центар Кавадарци

На 08.10.2024 година се одржа презентација од страна на Младински Центар за работата и можностите кои ги нуди, придонесот кај младите и реализираните активности од отворањето до сега. Младинскиот Центар во Кавадарци е прв општински Младински Центар како во градот, така и во државата. На презентацијата беа присутни ученици од прва до четврта година со нивните одговорни наставници Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог и Јасминка Ризова стручен соработник – педагог.

**Работилници во рамки на проектот**
**„Градење на здрави животни навики на младите луѓе“**

Во текот на учебната 2024/2025 година, беа одржани низа на работилници во рамки на проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“ организирани од страна на Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП во соработка со CARE International Balkans, Здружение на млади Креактив и Локална Самоуправа на Општина Кавадарци.

Целта на проектот е проширување на знаењата за позитивно однесување кај младите, градење потолерантни општества, вклучување на младите во креирање локални младински политики, градење позитивни ставови и сл.

Ученици кои учествуваат во проектот се: Мартина Нанева 1-1, Катерина Хаџи-Јорданова 1-1, Харалд Димитриевски 1-1, Стефан Јовчевски 1-1, Кирил Танчев 1-1, Благица Тасева 1-1, Ивана Бошева 1-7, Анѓелина Андриќ 1-7, Матеа Манева 1-7, Ненад Петров 2-1, Ѓорѓи Андонов 2-1, Александар Лазоровски 2-3, Ристе Маркушев 2-3, Марко Бинов 3-3, Александра Србиновска 3-7, Мануела Јорданова 3-7, Благица Ангелова 3-7, Алина Муратова 3-7, Елена Честојнова 3-7, Мартин Митрев 3-7, Финчо Лазов 3-7.

Училишни координатори на проектот, кој е со времетраење од две години, се: Јасминка Ризова стручен соработник – педагог и Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог.

Проектот е целосно одобрен од Министерството за образование и наука и е со позитивно стручно мислење од страна на Бирото за развој на образованието. Ќе се едуцираат децата и младите луѓе за градење добри и здрави животни навики кои се иднината на општествениот живот.

**Даночна едукација на младите**

На 14.11.2024 година во нашето училиште се одржа презентација за матурантите на тема: „Даночна едукација на младите“. Предавањето го спроведе Тања Костова-Винарова, асистент во Управата за јавни приходи од Кавадарци.

Учениците - матуранти имаа можност да добијат појасна слика и визија за тоа што претставува данокот и која е општествената корист од плаќањето на даноците. Учениците одблиску се запознаа со: Какви видови даноци постојат? Зошто УЈП ги собира даноците? Каква е користа од плаќањето на данокот за сите нас? и Како и каде се плаќа данокот?. Даночната едукација на младите треба да влијае кон елиминирање на неинформираноста на младите за потребата од плаќање на даноците, но пред сѐ клучно е нивното запознавање со основните права и граѓански должности кои ги имаат како даночни обврзници. Одговорен наставник за спроведување на презентацијата беше Стефанија Костадинова стручен соработник, социолог.

**Едукативно предавање „Дигитална трансформација“**

На 19.11.2024 година учениците: Лилјана Лазова II-3 клас, Надица Цветковска III-3 клас, Цветанка Ристовска III-3 клас, Гордана Клинчарова III-4 клас , Милица Коцева III-4 клас, Марија Вчкова IV-5 клас, Стефанија Сарафимова IV-5 клас, Тодор Пенџушков IV-5 клас, Игнат Петров IV-5 клас и Влатко Гурев IV-5 клас, присуствуваа на едукативно предавање на тема: „Дигитална трансформација“ во организација на Општина Кавадарци. Одговорен наставник

за спроведување на предавањето беше Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог.

**Одржани работилници преку проектот „Промоција на безбедна училишна средина“**

Во соработка со локалниот ментор за овој проект Рената Ангелкова и со училишните координатори на проектот м-р Марија Добринова наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог, во текот на првото полугодие беа одржани три работилници на тема: „Комуникациски вештини“ (18.11.2024), „Истражувачки методи и алатки“ (20.11.2024) и „Развивање на ученички иницијативи“ (25.11.2024) преку проектот „Промоција на безбедна училишна средина“.

На нив беа присутни учениците: Весна Ѓорчева, Никола Петров, Ангела Кочова II-4, Лара Росоманска II-4, Трајана-Ана Милкова II-4, Христина Јанчева II-4, Софија Ѓорчева, Филип Милков I-4, Огнен Таневски I-4, Дамјан Павлевски, Мартин Тодев III-7, Апостол Рамов I-6, Надица Ангелова III-1, Томе Толев I-1, Доменика Митевска II-7, Благица Димкова I-6, Јован Илов III-2, Марко Бинов III-3 и Софија Гркова III-6.

**Предавање од д-р Пењушков на тема**
**„Исхраната како превенција за здравјето на адолесцентите”**

На 27.11.2024 година во нашето училиште беше одржано едукативно предавање за учениците од прва до четврта година на тема: „Исхраната како превенција за здравјето на адолесцентите” кое го реализира д-р. Перо Пењушков – доктор по интерна медицина во ПЗУ „Медика Пењушкови” Кавадарци. Ова предавање беше на иницијатива на професорките по биологија Елизабета Иговска и Богде Коцева. Заинтересираноста на учениците за содржините предизвика дискусии со предавачот во кои учествуваа повеќе ученици, а задоволството беше обострано.

**Работилница на тема „Врсничко насилство“ за ученици**

На 13.12.2024 година во нашето училиште беше одржана работилица на тема „Врсничко насилство“ во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ под менторство на Александра Ристова наставник по правни предмети, Стефанија Костадинова - стручен соработник социолог и Јасминка Ризова - стручен соработник педагог.

Работилницата беше во соработка со Детска амбасада Меѓаши во која учествуваа следните ученици: Александра Тодорова III-7, Викторија Клинчарова III-7, Наташа Ташева III-7, Тамара Златева II-5, Маја Стојанова II-5, Јована Станоева I-1, Елисавета Колева I-1, Мартина Кендроска II-7, Теодора Јанкулова II-4. Во текот на работилницата активно се дискутираше на тема насилство, потоа на учениците им се прикажа презентација подготвена од училишниот тим на медијатори и за крај се поставија планови за понатамошни обврски и задолженија на учениците, кои според целта на работилницата се должни да едуцираат нови ученици на кои ќе им го пренесат знаењето и активно ќе превземат мерки кон спречување на врсничко насилство.

**Работилница на тема „Врсничко насилство“ за родители**

На 13.12.2024 година во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во нашето училиште беше одржана и работилница за родители, од страна на Јасминка Ризова стручен соработник - педагог и Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог.

Работилницата беше во соработка со Прва детска амбасада МЕЃАШИ. На оваа средба беа опфатени повеќе теми како: причини за појава на врсничкото насилство, улогата на родителите како основна алка во воспитувањето на децата, подобра соработка помеѓу наставниците и родителите во превенција од насилство во училиштето, навремено препознавање на првите знаци на врсничко насилство од страна на родителот или наставникот, активно учество на родителите во школските активности - работилници, проекти, дискусии, дебати, еко акции, спортски натпревари, ликовни изложби, музички настани.

Сето ова е со цел зацврстување на врската родител - дете, како и можноста да се почувствува атмосферата на училишниот живот и поблиску да се запознаат со нивните интереси, желби, дилеми, пасии, хобија.

Родителите активно се вклучија во дискусијата, даваа свои примери, а на крајот од работилницата секој родител од кутијата си извлече по едно мало слатко задоволство на кое беше напишана по една порака за позитивно родителство.

Работилницата беше проследена и на неа присуствуваше г-дин Жарко Змијанац, раководител за истражување, развој и одржливост при Прва детска амбасада Меѓаши, кој е дел од тимот во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Истиот беше премногу задоволен од целосно спроведената работилница, како и од активноста и желбата на родителите да допринесат за што подобра, побезбедна училишна средина.

**Работилница на тема „Превенција и заштита од насилство“**

На 16.12.2024 година под менторство на Татјана Ралевска - наставник по правни предмети и Душанка Иванова - стручен соработник психолог, беше одржана работилница со учениците од III-7 клас на тема: „Превенција и заштита од насилство“. На работилницата беа применети дигиталните алатки: Google Slides и LearningApps- шаблон (Matching Pairs ).

**Конференција за „Размена на практики“**

На 17.12.2024 и 18.12.2024 во Хотел Глориус во Велес се одржа Конференција за „Размена на практики“ во рамки на проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“, поддржан од Амбасадата на Холандија и организиран од Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП). Целта на проектот е позитивно трансформирање на однесувањето кај младите со цел градење толерантни општества и превенција на врсничкото и родово базираното насилство. На конференцијата присуствуваа Стефанија Костадинова стручен соработник - социолог и Александра Ристова наставник по правни предмети.

**Онлајн средба од Државен испитен центар**

На 20 декември 2024 година м-р Марија Добринова наставник по правни предмети, online присуствуваше на работна средба за Државна матура организирана од

страна на Државен испитен центар - ДИЦ. Средбата беше од информативен карактер за основни и општи информации за полагањето на државната матура, како и практичен внес на податоци за кандидатите во базата на податоци кои ќе се пријават и кои ќе полагаат државна матура.

**Онлајн средби за PISA тестирањето**

Во периодот септември - декември беа одржани онлајн средби за PISA тестирањето. Училиштни координатори за PISA тестирањето се: Благородна Лазова наставник по информатика и Даница Пецова наставник по хемија.

PISA е Програма за меѓународно оценување на учениците, спонзорирана од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD). Реализацијата на PISA е значајна бидејќи резултатите од оценувањето може да се искористат за:

- да се прикаже колку добро учениците во Р.Северна Македонија се подготвени за учење откако ќе го напуштат училиштето;
- да се идентификуваат областите кои со тек на време треба да се унапредат од страна на училиштата, образовниот систем и владата;
- да се овозможи споредување на ефикасноста на ученикот и средината за учење помеѓу различни земји.

**Предавање за злоупотреба на пиротехнички материјали и последиците од нив**

На 23.12.2024 година во нашето училиште се одржа предавање од страна на инспектор од МВР и медицинско лице за злоупотреба на пиротехнички материјали и последиците од нив. На предавањето присуствуваа ученици од прва година, а одговорен наставник беше Стефанија Костадинова стручен соработник - социолог.

**Кариерно советување**

Во нашето училиште беа одржани 4 работилници за Кариерно советување на тема „Мојата кариера – мојот пат до успехот", одржани на 17.02.2025, 24.03.2025, 13.05.2025 и 29.05.2025 година и 1 сесија на тема „Менторство и професионален развој" одржана на 10.04.2025 година. На работилницата учествуваа ученици од прва до четврта година. Одговорно лице за организација и реализација беше училишниот психолог Душанка Иванова. Работилницата беше во рамки на Проектот „Еднакви можности за девојчиња и млади жени во Северна Македонија" организирана од Националниот младински совет на Македонија во соработка со Мрежа Стела, а со поддршка од Британската амбасада во Скопје.

Целта на сите три работилници/сесии беше на учениците да им се помогне при кариерното насочување и развојот на кариерата. Работилниците беа спроведени од страна на Рената Ангелова.

**Работилница „Жени уметнички и жени архитектки во Македонија"**

На 06.03.2025 година од Здружението за промоција на женската активност „Тииит!Инк" беше реализирана работилница со учениците од I-1 и I-5 клас со поддршка на Васка Таневска наставник по германски јазик на тема: „Жени уметнички и жени архитектки во Македонија".

**Нови активности од Erasmus+ проектот**

Во периодот од 16 до 22 март 2025 год. ученици и професори од гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци, беа учесници во повеќе реализирани активности заедно со партнерските училишта од Романија, Италија и Турција, која беше домаќин на проектот. Овој пат учениците кои беа дел од овој проект реализиран во училиштето во Турција, имаа можност да се запознаат со културата и обичаите на нивните врсници, како и со сите проекти кои тие ги реализираат како наставни и вон-наставни активности. Преку повеќе организирани активности, учениците и професорите имаа можност да се запознаат и со природните убавини кои ги нуди Турција.

Преку проектот Зачувај ја својата иднина – Save your future во делот “Што се пари?” – “What is money?” реализиран низ низа активности, учениците имаа можност да се стекнат со финансиска писменост и добри потрошувачки навики.

**Гимназијалците учествуваа на нова интеркултурна размена во Песталоци, Троген – Швајцарија**

Во рамките на проектот “Промоција на безбедна училишна средина”, 8 ученици од нашето училиште и професорката по правни предмети м-р Марија Добринова, учествуваа на интеркултурна размена во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија. Размената се одржа од 2 до 15 април 2025 година, заедно со ученици од Македонија и Полска.

За време на престојот, учениците беа дел од работилници посветени на детските права, почитувањето на различностите, антидискриминацијата, принципите на мултикултурен дијалог и комуникација, како и теми поврзани со ненасилство и толеранција.

Покрај едукативните активности, учениците имаа можност да го посетат Цирих, Луцерн, Сент Гален, Технорама музејот во Винтертур, како и прекрасните Рајнски водопади, стекнувајќи нови искуства и проширувајќи ги своите видици.

**Дисеминација на активностите во рамки на проектот SUPERSCHOOLS**

На 07.04.2025 година во нашето училиште беше спроведена Дисеминација на активностите во рамки на проектот „Superschools“. Суперучилишта е програма на RYCO (Регионална канцеларија за младинска соработка) за училишна размена во регионот со цел да се поддржи процесот на градење мир и помирување иинтеркултурното учење и дијалог меѓу училиштата, учениците и нивните заедници. Програмата е дел од мултидонаторскиот проект„Програма за размена на училишта во Западен Балкан“ кофинансиран од Европската Унија и германското Сојузно Министерство за економскасоработка и развој (BMZ) и имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) заедно со Регионалнатаканцеларија за младинска соработка (RYCO).

Во проектот учествуваа 2 професори (Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог и Сања Илова – проф. по англиски јазик) и 15 ученици (Јордан Ташев II$^{2}$, Ивана Секуловска II$^{2}$, Кирил Мукаетов II$^{2}$, Ангела Атанасова II$^{2}$, Михајло Михајловски II$^{2}$ Лилјана Лазова II$^{3}$, Димитар Петров II$^{3}$,Ристе Маркушев II$^{3}$, Илија Петрески II$^{3}$, Христина Даскалоска II$^{5}$, Душица Колева II$^{6}$, Благица Михајловска II$^{6}$, Доменика Митевска II$^{7}$, Мила Јованова III$^{5}$, Ангела Јовановска III$^{5}$, кои беа носители на активностите и учесници на размената во нашето партнерско училиште од Уб, Србија.

За време на настанот беа присутни професорките Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог и Сања Илова професор по англиски јазик, учениците кои беа учесници на работилниците во проектот и претставници од ученичката заедница.

На учениците им беа презентирани активностите кои беа реализирани преку работилници во двете размени. Работилниците беа насочени кон превенција на врничко насилство, различните форми и механизми за заштита од насилството во и вон училиштата, како и околу сајбер булингот преку социјалните мрежи. Работилниците кои беа спроведени на размените ќе бидат реализирани и со ученици од основните училишта во градот, а од страна на Општина Уб, Србија беше отворена и можноста за збратимување на двете општини и продолжување и продлабочување на взаемната соработката.

**ПИСА тестирање - 2025**

На 07.04.2025 и 08.04.2025 година во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци се одржа онлајн ПИСА тестирање. Учениците учествуваа во меѓународна студија наречена Програма за меѓународно тестирање на учениците, или скратено ПИСА. Нашата држава е една од 95-те земји и образовни системи кои учествуваат во ПИСА и е дел од над 6300 избрани ученици кои ќе ја претставуваат истата. Во оваа студија, се добиваат информации што знаат учениците на иста возраст ширум светот за Науката, Читањето, Математиката и Учењето во дигиталниот свет.

По претходната подготовка на целиот систем за реализација на ова тестирање (обезбедување на подобар интернет, компјутери и проверка на истиот неколку дена предходно) на истото беа одбрани 75 ученици. Критериум за учество на учениците беше да бидат родени 2009 година, а тоа се ученици од прва година од нашето училиште.

Тестирањето се одржа во два дена, учениците беа поделени во 4 групи распоредени во двата кабинети по информатика. За тестирањето на учениците, исто така беа ангажирани и наставници-тестатори од училиштето: Татјана Ралевска, Наталија Камчева, Блашко Клинчаров, Ристе Стојанов, Тимче Пецов (резервен тестатор) и Илија Шиков (резервен тестатор). Тестирањето се состоеше од два дела од по 60 минути и пополнување на прашалник на крајот од тестирањето од 35 минути. Помеѓу двата дела и прашалникот имаше кратки паузи. Се помина во најдобар ред, немаше проблеми во текот на тестирањето.

По завршувањето на истото се испратија сите потребни формулари направени во текот на тестирањето и пополнетиот прашалник за училиштето до Државен испитен центар ДИЦ. Училишни координатори беа Благородна Лазова – наставник по информатика и Даница Пецова – наставник по хемија.

**Нашето училиште – Домаќин на Јубилејното 20-то Образовно Рандеву 2025, во организација на МАССУМ**

Годинава на 24 и 25 април 2025 година, нашето училиште беше домаќин на 20-тото издание на Образовното рандеву во организација на МАССУМ – настан што ги поврзува учениците од средното стручно образование во нашата држава и настан на кој што

учествувавме со задоволство и почит, бидејќи секоја година нè потсетува колку потенцијал има во нашите ученици.

Настанот го отворија градоначалникот д-р Митко Јанчев и м-р Зоран Милевски, директор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци.

Настанот беше поддржан од градоначалникот д-р Митко Јанчев и Општина Кавадарци. Поддршката од локалната самоуправа е секогаш важна, а кога таа е вистинска и искрена – резултатите се видливи.

**Симулација на седница на Општински Совет**

На 08.05.2025 година во Младинскиот центар во Кавадарци, ученици од клас II-7 под менторство на Татјана Ралевска наставник по правни предмети, при СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци учествуваа во симулација на седница на општински совет, настан организиран од Лидери за едукација, активизам и развој – LEAD  со цел да се зајакне разбирањето за демократските процеси и улогата на локалната самоуправа.

Во рамки на симулацијата, учениците ги презедоа улогите на општински советници и активно дискутираа за важни теми како што се уредувањето на јавните простори, заштитата на животната средина и за локалниот економски развој. Тие изнесуваа предлози, предлагаа решенија и гласаа за одлуки, исто како на вистинска седница на советот.

Овој настан беше одлична можност за развој на критичко размислување, јавен настап и граѓанска свест кај младите. Преку практична симулација, учениците научија повеќе за демократските процеси и важноста на вклученоста во заедницата.

Настанот заврши во позитивен дух, со надеж дека младите учесници еден ден ќе бидат вистински носители на промени во општеството.

**Обука за наставници за дигитални алатки**

На 30.06.2025 година и на 19.08.2025 година во нашето училиште за сите наставници се одржа обука со физичко присуство. Обуката беше на тема: „Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава“. Обуката е акредитирана од страна на Бирото за развој на образованието и истата се реализираше од акредитиран провајдер за обуки на наставници ОЗ Инвест ДООЕЛ од Скопје. Обучувач беше Горица Мицева – наставник по информатика.

Наставниците имаа можност да се запознаат и да ги продлабочат своите знаења за Европската рамка за дигитални компетенции на наставниците, за алатки за интерактивна и ангажирачка настава, за персонализирана и адаптивна настава и вештачка интелигенција и етичка примена.

**Обука за наставници за нови наставни програми**

На 27.08.2025 година за наставниците од нашето училиште кои што ќе реализираат настава во прва година гимназиско образование во учебната 2025/2026 година, се спроведе обука со физичко присуство во Скопје. Обуката ги опфати сите наставници по сите наставни предмети кои предаваат во прва година гимназиско образование.

## 2. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ

**Одбележување на „Светски ден без автомобили“**

Гимназијалците по повод Светскиот ден без автомобили и Европската недела на спортот традиционално и оваа година на 20.09.2024 година го одбележаа овој ден со велосипедска парада. Во организација на професорите по спорт и спортски активности се вклучија ученици од сите четири години со возење велосипеди до месноста Моклиште.

**Одбележување на „Месец октомври за борба против рак на дојка“**

По повод одбележување на месец октомври, за борба против рак на дојка под менторство на проф. Богде Коцева наставник по биологија на 30.09.2024 година учениците Спасенија Димова, Елеонора Сеизова и Зорана Недева од I-5 клас, изработија презентација на тема „Месец октомври за борба против рак на дојка“. Раната детекција е клучна во третманот и исходот на болеста рак на дојка.

**Одбележување на „Недела на млади“**

На ден 05.10.2024 ученици од СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ Кавадарци кои се волонтери на Општинска организација Црвен крст Кавадарци (ООЦК) под менторство на проф.Татјана Ралевска, наставник по правни предмети, земаа активно учество во одбележувањето на Неделата на млади од 01 до 07 Октомври, под мотото „ИНИЦИРАЈ ДЕЛА-ИНСПИРИРАЈ ПРОМЕНИ“.

Настанот се одржа во Домот на култура „Иван Мазов Климе“ Кавадарци во организација на Црвен крст Кавадарци (ООЦК), а го отворија Лидерот на клуб на млади при Црвен крст Кавадарци, Мартина Кендроска ученичка од клас II-7 и Претседателот на Општинската организација на Црвен крст Кавадарци.

На почетокот пред публиката беше презентирано промотивно видео, а потоа учесниците се вклучија во живо со сите општински организации. Следуваа креативни активности кои кај најмладите присутни придонесоа да се развива свеста за помагање на секој на кој што му е потребно помош. На крај, тим од млади волонтери пред присутните гости укажуваше вежби по прва помош.

Со ова учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци уште еднаш покажаа дека ги застапуваат хуманите вредности и придонесуваат за нивно ширење и делување за позитивни промени во заедницата.

**Одбележување на „Европски ден за борба против трговија со луѓе“**

По повод одбележување на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе на 18.10.2024 година се одржа информативно-едукативна работилница за превенција од трговија со луѓе. Работилницата беше одржана од страна на стручни лица кои имаат познавање од областа на превенција на трговија со луѓе. Во работилницата учество зедоа ученичките-волонтери на Црвен крст: Мартина Кендроска од клас II-7 и Теодора Јанкулова од клас II-4 клас под менторство на проф. Татјана Ралевска - наставник по правни предмети.

**Одбележување на „Европскиот ден на правдата“**

Европскиот ден на правдата се одбележува на 25 октомври, со цел да го приближи пристапот до правда на граѓаните, да ги информира за нивните права и да ја промовира работата на Советот на Европа и Европската комисија на ова поле.

По повод одбележување на Европскиот ден на правдата на 22.10.2024 година учениците од III-7 клас, под менторство на Александра Ристова професор по правни предмети учествуваа на настан „Детски права“.

**Одбележување на „Месецот на јаболкото“**

По повод одбележување на месецот на јаболкото под менторство на проф. Богде Коцева наставник по биологија и Јасминка Ризова стручен соработник - педагог во периодот од 21.10.2024 до 31.10.2024 година учениците Снежана Кузманова, Дамјан Павлески и Илина Корунова од I-4 клас изработија флаер за јаболкото, додека пак учениците Милан Ѓорев, Марко Плачков, Благој Милков и Горан Коцев од I-5 клас и Снежана Кузманова I-4 клас на 28.10.2024 изработија презентација за јаболкото. На флаерот и презентацијата беа поставени текстови за значењето на јаболкото, неговите карактеристики и благодети што ги нуди, како и слики за ова овошје. Презентацијата ги содржи сите значајни особини на ова овошје, како и неговото лековито дејство.

**Изложбено Пано по повод Патрониот празник на гимназијата**

По повод Патрониот празник на гимназијата, учениците од I година под менторство на Богде Коцева – наставник по биологија и Јасминка Ризова стручен соработник – педагог, на 12.11.2024 година подготвија изложбено Пано на тема: „Загадениот воздух во нашата околина“. На паното беа поставени текстови за последиците од загадувањето на воздухот, негативното влијание врз луѓето и што би можеле да направиме за да ја заштитиме околината.

**Изложбено Пано по повод Патрониот празник на гимназијата**

По повод Патрониот празник на гимназијата, учениците Ангела Кочова и Христина Јанчева од II-4 клас под менторство на Јасминка Ризова стручен соработник – педагог и Стефанија Костадинова стручен соработник - социолог на 12.11.2024 година подготвија изложбено Пано на тема: „Важноста на домашните миленичиња за менталното здравје“. На паното беа поставени слики, текстови за позитивни придобивки поврзани со менталното здравје, за тоа дека домашните миленици значително го подобруваат здравјето и расположението, можат да помогнат во намалување на депресијата, анксиозноста, осаменоста и да го намалат стресот.

**Одбележување на Патрониот празник на гимназијата**

По повод Патрониот празник на гимназијата на 13.11.2024 година учениците под менторство на професорите Васка Петкова наставник по македонски јазик и литература и Драган Вељковиќ наставник по музичка уметност, учествуваа во изведба на безвременското дело на Александар Сергеевич Пушкин, приказната за љубовта и опсесијата “Евгениј Онегин”. Беа вклучени следните ученици: Александар Стојков од 4-7

клас, Марија В'чкова од 4-5 клас, Ристе Стојанов од 4-6 клас, Ивана Секуловска од 2-2 клас, Марија Шалевска од 3-6 клас, Цветанка Ристовска од 3-3 клас, Методи Јованчев од 4-5 клас, Елена Илова од 3-3 клас, Мартина Илиевска од 3-1 клас, Надица Ангеловска од 3-1 клас, Лилјана Лазова од 2-3 клас и Дијана Мишова од 3-5 клас.

**Ликовна изложба по повод Патрониот празник**

По повод Патрониот празник на училиштето на 13.11.2024 година под менторство на проф. Наташа Матакова – наставник по историја и Кирил Мукаетов наставник по ликовно беше организирана ликовна изложба на повик на ученичкиот парламент на тема: „Добри Даскалов и неговото време“. Учениците имаа можност да ги претставaт своите дела, а изложбата беше поставена во холот на училиштето.

**Одбележување на Светскиот ден на филозофијата**

На 21.11.2024 година, по повод одбележувањето на Светскиот ден на филозофијата, во свечената сала при Филозофскиот факултет, УКИМ-Скопје, Елизабета Бошкова наставник по филозофија присуствуваше на Симпозиумот под наслов „Животот и делото на Емануел Кант”.

**Одбележување на Новогодишни и Божиќни празници**

По повод Новогодишните и Божиќните празници, ученици од прва година самоиницијативно изработија новогодишни честитки за своите врсници. Активноста се реализираше на 26.12.2024 година во нашето училиште под менторство на Стефанија Костадинова – социолог и Јасминка Ризова – педагог.

Учениците изработија прекрасни честитки во форма на мали елки, лампиони и кутии за подароци. На нив беа испишани искрени честитки и желби за Новата година и претстојните празници. Овие изработки учениците за време на одморите им ги поделија на своите врсници од гимназијата.

**Активност „На денешен ден“**

На 13.03.2025 година беше изработена презентација „На денешен ден“ од ученици од прва година Честојнова Стефанија и Петровска Кристина под менторство на проф. Валентина Димитрова - наставник по географија.

**Пано-Ден на планетата Земја**

На 22.04.2025 година во холот на училиштето беше изработено изложбено Пано-Ден на планетата Земја од следниве ученици: Ангелова Анастазија, Костадинова Андреа и Филипова Верица, ученици од прва година под менторство на проф. Валентина Димитрова-наставник по географија.

**Кога гимназијалците раскажуваат – литературата оживува**

На 07.05.2025 година во чест на Денот на македонскиот јазик и азбука, во соработка со Библиотека Феткин нашите гимназијалци под менторство на професорката Васка Петкова, наставник по македонски јазик и литература се претставија во Националната

универзитетска библиотека ,,Св. Климент Охридски" со литературен перформанс под наслов ,,Слушни ја мојата приказна".

Преку драматизација оживеавме безвременски книжевни класици: „Чичко Горио", „Страданијата на младиот Вертер", „Галебот Џонатан Ливингстон", „Злосторство и казна", „Странецот", „Пиреј", „Ана Каренина", „Мадам Бовари" и „Евгениј Онегин".

Учениците ја споија моќта на зборот, емоцијата и сценската изведба – потсетувајќи не дека јазикот е наш идентитет, а литературата – мост меѓу срцата.

**Како гимназијалците го одбележаа денот на Европа**

На 09.05.2025 година во СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов" беше одбележан Денот на Европа. Преку креативни изведби, презентации, спортски активности и турнир во пинг-понг, учениците уште еднаш покажаа дека се млади граѓани со европски вредности, подготвени да придонесуваат за подобра иднина.

**Гимназијалците и оваа година се приклучија на манифестацијата ,,Сите на велосипед"**

На 27.05.2025 година беше одржана манифестацијата ,,Сите на велосипед" во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Кавадарци во соработка со Локалната самоуправа на Кавадарци, каде учество зедоа преку 500 ученици со наставниците по спорт и спортски активности. Манифестацијата беше проследена со богата лотарија, а главната награда беше нов велосипед.

**Реализирани училишни активности од предметниот наставник по биологија**

Во текот на целата година се изработени презентации за одбележување на некои важни датуми за здравјето на човекот реализирани на класен час од страна на Богде Коцева наставник по биологија:

- На 10.02.2025 година презентација за светски ден против малигни заболувања;
- на 4-ти Февруари дискусија за светски ден против малигни заболувања;
- На 24.03.2025 година презентација за Светскиот ден за борба против туберкулоза.
- Изработка на пано и презентација за Денот на екологијата со ученици од прва година на 21.03.2025 година;
- Изработка на презентација за Денот на Планетата Земја 22 Април со ученици од I- 5 клас;
- Изработка на презентација за 5 Јуни- Светски ден за заштита на животната средина, со учениците од I-5 клас,
- Изработка на 8 истражувања за биолошки особини на живите организми со сите учениците од прва година, реализирани од 02.12 до 25.12.2024 година.

## 3. ПРОЕКТИ

**„Заштита на правата на децата во училиштата“**

Продолжи да се спроведува проектот „Заштита на правата на децата во училиштата“. Овој проект е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Р.Македонија“ кој го спроведуваше Коалиција на младински организации СЕГА, поддржан од детската фондација Песталоци. Училиштен координатор на проектот е проф. по историја Наташа Матакова. Сите активности се реализираат со целосна поддршка на м-р Зоран Милевски, директор на училиштето, како и со членовите од Тимот за Ресурсен пакет: Душанка Иванова – психолог, Јасминка Ризова – педагог, Васка Петкова – проф. по македонски јазик и литература и Жанета Делова – проф. по економски предмети.

**„Moodle“**

Проектот Moodle продолжи да се реализира и оваа учебна година во наставата. Проектот има за цел подобрување, унапредување и модернизирање на наставниот процес во училиштето.

„Moodle“ претставува систем за Е-учење којшто е од затворен тип и достапен само за учениците и наставниците во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“.

Системот за Е-учење Moodle го администрира м-р Зоран Милевски, проф. по информатика, сегашен директор.

Покрај предметните наставници коишто ја користат оваа алатка од самиот почеток, се вклучуваат и нови колеги, кои не посетувале претходна обука и на кои им се пружа потребна техничка подршка од страна на професорите по информатика.

Најчесто, наставниците изготвуваат тестови на знаења, поставуваат презентации и друг вид на материјали потребни за реализирање на наставата, квизови и сл.

**„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“**

Целта на овој проект е заштита на животната средина и нејзина интеграција во воспитно-образовниот систем. Оваа програма ја спроведуваат Здружението на граѓани ОХО, Министерството за образование и наука и Швајцарската агенција за развој.

Согласно програмата: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ во текот на првото полугодие беа реализирани следните активности кои беа поставени на веб порталот на училиштето, а некои на изложбено пано во холот на училиштето:

- Подготвување Power point презентации за Јаболко,
- Подготвување Флаери за Јаболкото,

- Изготвување изложбено Пано на тема: „Загадениот воздух во нашата околина“.

Проектот е наменет да се подобри изгледот на околината во која учиме и работиме, да се развие еколошката свест, како и грижа и чување на околината од страна на учениците.

Оваа програма ја опфаќа и Кампањата на тема: „Здрава храна за живот без мана“ во која учениците активно се вклучуваат со свои идеи и предлози за реализирање на мини проекти или активности поврзани со здравата исхрана. Согласно програмата формиран е и Еко одбор во кој што членуваат ученици, родители, стручна служба и наставници, каде што претседател е директорот на училиштето. Училиштен координатор на целата еколошка програма е проф. по биологија Богде Коцева.

Во сите активности активно учество земаа учениците од прва, втора, трета и четврта година, под менторство на: Јасминка Ризова – училиштен педагог, Богде Коцева – проф. по биологија и Елизабета Иговска – проф. по биологија.

**„Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“**

Овој проект продолжи да се реализира во нашето училиште. Целта е кај учениците од различна етничка, полова и социјална структура да се развие кретивно изразување и поврзување, запознавање со културата на другите етнички заедници, надминување на родовите, етничките и социјалните предрасуди и стереотипи.

Проектот го спроведува УСАИД во соработка со партнер организациите Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) и Македонски Институт за Медиуми (МИМ).

Со овој проект ќе се реализираат повеќе активности, како на пример:

- Планирање на активностите за МИО во Годишната програма на училиштето;
- Вметнување на активности за МИО во годишните и тематските планирања на наставниците;
- Вклучување на родители, ученици и наставници во МИО активностите.

Одговорни наставници за спроведување на активностите од овој проект се: Блашко Клинчаров – проф. по спорт и спортски активности, Александра Петреска – проф. по англиски јазик, Драган Вељковиќ – проф. по музичка уметност, Соња Попова – проф. по математика и Александра Амишева – проф. социологија.

**Проект „Советување на родители - родителска школа“**

Во рамки на проектот „Советување на родители-родителска школа“ во текот на учебната година беа одржани едукативни советодавни средби со 28 родители на ученици поради нередовност во наставата. Советодавните разговори се реализираа и со учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци и над 100 оправдани изостаноци. Советувањето на родители го реализира стручниот соработник Душанка Иванова-психолог во училиштето.

**Гимназијата стана дел од мрежата на Суперучилишта**

На 20.09.2024 година, официјално беа потпишани договорите помеѓу партнер-училиштата и Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) со што нашето училиште стана дел од семејството на Суперучилишта.

Оваа година беа одобрени 45 проекти од целиот регион, а шемата за размена на суперучилишта е регионална шема за размена на средни училишта која има за цел да ги поддржи процесите за градење мир и помирување во Западен Балкан преку партнерства помеѓу училишта од шесте држави од Западен Балкан: Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и РС Македонија.

Овие училишни партнерства, се формираат помеѓу две средни училишта од две различни договорни страни на RYCO. Програмата за суперучилишта има за цел да понуди можности за регионална соработка и стекнување меѓукултурни компетенции како основа за напорите за помирување и градење мир во регионот. Училиштни координатори на проектот се: Стефанија Костадинова стручен соработник социолог и Сања Илова наставник по англиски јазик.

**Проект „Справување со загадувањето на воздухот"**

На 20.09.2024 во рамките на проектот „Справување со загадувањето на воздухот" во Општина Кавадарци, беше одржана прва форумска сесија во Општина Кавадарци во која од СОУ Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци учество земаа учениците Викторија Убавкова и Дончо Лазов од клас III-7 клас, под менторство на проф. Жанета Делова - наставник по економски предмети и проф. Татјана Ралевска- наставник по правни предмети.

На почетокот обраќање имаше д-р Митко Јанчев, градоначалник на Општина Кавадарци, а презентери во текот на првата форумска сесија беа: Валерија Соколова Стојановска - модератор на форуми во заедницата, проф. д-р Дејан Мираковски Универзитет „Гоце Делчев" Штип, Филип Стојановски Центар за климатски промени, Олгица Апостолова родова експертка, Елена Митева ко-модератор на форуми во заедницата.

**Соработка со гимназијата Curt Nicolin од Шведска**

И оваа учебна година продолжува долгогодишната меѓународна успешна соработка на Гимназијата „Добри Даскалов" Кавадарци со Гимназијата „Курт Николин" од Финспанг, Шведска. Имено, во периодот од 7 октомври до 14 октомври 2024 година единаесет ученици од нашата гимназија заедно со професорите Кочо Кочов – наставник по македонски јазик и литература и Александра Петреска – наставник по англиски јазик беа во посета на гимназијата „Курт Николин" од Шведска, заедно со ученици од други три средни училишта.

**Гимназија „Добри Даскалов" реализира повеќе активности со партнерските училишта од Италија, Романија и Турција во рамките на Erasmus+ проектот "Save Your Future"**

Во периодот од 14-18 октомври 2024 година ученици и професори во Гимназијата „Добри Даскалов" Кавадарци реализираа повеќе активности со партнерските училишта од

Италија, Романија и Турција на која учениците од партнерските земји ги продолжија активностите предвидени во проектот, овој пат во Гимназијата како домаќин.

Директорот на гимназијата м-р Зоран Милевски заедно со проф. по англиски јазик Христинка Косовска и проф. по латински јазик Ѓурѓица Косовска им посакаа добредојде на сите ученици и професори вклучени во проектот и успешна соработка, додека пак ученици од гимназијата ги запознаа своите врсници за актуелните проекти и активности во кои што тие се вклучени и ги реализираат како вон-наставни активности.

Проектот Зачувај ја твојата иднина – Save Your Future, има за цел да се развие во широк опсег од навики за потрошувачка и свесно трошење, па сè до финансиска писменост. Тој е дизајниран за заеднички развој на меѓусебно поврзани компетенции. Целта што сакаме да ја постигнеме е да се осигураме дека потрошувачките навики на нашите ученици се чувствителни на животната средина, нивните навики за трошење се ефикасни и самите ученици имаат вештини за финансиска писменост.

Во овој проект СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци е партнерско училиште со средните училишта Liceul Technologic Ticleni од Романија, Mustafa kemalpasa Anadolu Lisesi од Турција и Istituto Tecnico Commerciale Statale F. Scarpellini од Италија.

Во завршните денови од проектот учениците од партнерските училишта го посетија Собранието на Р. С Македонија и Музејот на Народна банка.

**Проект Superschools „Stand up! Don’t stand by!”**

Во периодот од 24 ноември до 30 ноември 2024 година во рамки на проектот Superschools „Stand up! Don’t stand by!” организиран од страна на RYCO (Регионална канцеларија за младинска соработка), под менторство на проф. Сања Илова наставник по англиски јазик и Стефанија Костадинова стручен соработник социолог, учениците Јордан Ташев II-2, Ивана Секуловска II-2, Кирил Мукаетов II-2, Ангела Атанасова II-2, Михајло Михајловски II-2, Лилјана Лазова II-3, Димитар Петров II-3, Ристе Маркушев II-3, Илија Петрески II-3, Христина Даскалоска II-5, Душица Колева II-6, Доменика Митевска II-7, Мила Јованова III-5 и Ангела Јовановска III-5, зедоа учество на работилници на тема „Спречување на насилство (булинг) и говор на омраза“.

Работилниците беа одржани во училиштето, гимназијата беше домаќин-училиште. Програмата за супер училишта има за цел да понуди можности за регионална соработка и стекнување меѓукултурни компетенции како основа за напорите за помирување и градење мир во регионот. Во проектот учество зедоа 2 професори и 14 ученици од нашето училиште и 2 професори и 14 ученици од нашето партнерско училиште од Уб, Србија. Училиштата беа носители на активностите. Втората размена ќе се одржи во месец март, кога нашите ученици и нивните ментори ќе учествуваат во активностите во Уб, Србија.

**Гимназијата домаќин на учениците од гимназијата „Курт Николин“ од Шведска**

И оваа учебна година продолжува неколкугодишната меѓународна успешна соработка на Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци со Гимназијата „Курт Николин“ од Финспанг, Шведска. Имено, во периодот од 10.12.2024 до 13.12.2024 година Гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци ја посетија ученици од Гимназијата „Курт Николин“ од Финспанг, Шведска заедно со нивните наставници. Беа изработени презентации за двете училишта и беше одржан говор за добредојде од Директорот на Гимназијата м-р Зоран Милевски.

### Проект EXPRESSIONS BALCANIQUES II

Под менторство на проф. Светлана Несторова-Мицев, наставник по француски јазик на 20.12.2024 година ученици од нашето училиште кои изучуваат француски јазик зедоа учество во првата работилница во рамки на проектот EXPRESSIONS BALCANIQUES II на која локалниот експерт Драган Атанасов, наш поранешен ученик, ги запозна младите франкофони со целите на проектот, методологијата и ресурсите што ќе им бидат достапни во понатамошниот тек на проектот. Проектот го спроведува Transtélé Canal France International во соработка со Францускиот институт и Француската амбасада во Скопје.

### Проект „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Република Северна Македонија“

По добиеното известување од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието во соработка со Национален младински совет на Македонија, Мрежа Стела оваа година во нашето училиште ќе се реализира проектот „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Република Северна Македонија“. Програмата за кариерно советување обезбедува поддршка на ученици кои се во дилема за изборот на професија. Програмата има за цел да ги инспирира и охрабри учесниците да ги следат своите професионални желби, но истовремено да работат на нивно остварување. Менторството претставува споделување на насоки и совети за жени и девојки со цел остварување на понатамошните студии. Идејата на проектот е да ги поддржи и поттикне девојките и младите жени од 15-29 години да станат поактивни во општеството. Активностите во рамки на проектот ќе се реализираат во периодот јануари-јуни 2025 година. Училиштен координатор на проектот е Душанка Иванова стручен соработник - психолог.

### Проект „Подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата кај учениците“

Согласно Известувањето за спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес, доставено до училиштата од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, стручните соработници Душанка Иванова - психолог, Јасминка Ризова - педагог и Стефанија Костадинова -социолог во периодот септември-декември 2024 година реализираа низа работилници за подобрување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата кај учениците.

### Редизајн на веб сајтот на гимназијата

На почетокот на учебната година веб сајтот на училиштето беше редизајниран од страна на ученикот Мартин Николов од III-4 клас. Историјата на веб-сајтот започнува во учебната 2010/2011 година, кога проф. по информатика м-р Зоран Милевски, сегашен директор го креираше првиот веб сајт на гимназијата.

Од учебната 2022/2023 до денес, учениците Мартин Николов од 3-4 клас и Кирил Василев од 3-4 клас, со истата поддршка од својот ментор проф. по информатика, сегашен директор м-р Зоран Милевски, внесоа свежи содржини и нови функционалности.

Во учебната 2024/2025 година, Мартин Николов од 3-4 клас го редизајнираше веб-сајтот, применувајќи најсовремени трендови во веб-дизајнот. Со својот креативен пристап,

тој создаде модерен и функционален сајт кој ќе служи како дигитална платформа за сите училишни активности. Дополнително, во овој проект придонесоа и неговите соученици Димитри Тодоров од 3-4 клас, Васил Трајков од 3-6 клас и Владимир Костов од 4-4 клас, кои работеа на обработка на фотографии и видеа, збогатувајќи го визуелниот изглед на сајтот.

Веб сајтот на гимназијата континуирано се збогатува со сите значајни настани и активности. Овој проект е уште еден доказ за посветеноста на училиштето кон технолошкиот напредок, како и за мотивирањето на учениците да придонесуваат кон модернизацијата и дигитализацијата на училишните процеси.

**Училишен проект „Импровизирано судење"**

Во периодот септември-декември 2024 година под менторство на проф. м-р Марија Добринова - наставник по правни предмети и проф. Васка Петкова - наставник по македонски јазик и литература беа одржани средби со учениците Александар Стојков IV-7, Владимир Костов IV-4, Ристе Стојанов IV-6, Димитри Тодоров III-4, Марија Шалевска III-6 за пишување сценарио и дополнителни активности за училишниот проект „Импровизирано судење".

## 4. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

**Крводарителски акции**

На 26 септември 2024 година во нашето училиште се спроведе акција за дарување на крв за учениците од трета и четврта година. И оваа година учениците и наставниците ја искажаа својата хуманост и солидарност и несебично даруваа крв за да се спаси нечиј живот. Акцијата беше успешно организирана и реализирана од страна на Републичкиот завод за трансфузиологија од Скопје и О.О Црвен крст од Кавадарци.

**Анкета за учениците организирана од МОН и БРО**

На 02.10.2024 година во нашето училиште беше спроведена анкета за наставниците и учениците од гимназиските паралелки за реформите во гимназиското образование, организирана од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој.

**Одржана Првата конститутивна седница на Ученички парламент**

По изборот на класни заедници кој се изврши во текот на месец септември, на ден 09.10.2024 година во кино салата на нашето училиште се одржа Првата конститутивна седница на Ученички парламент во учебната 2024/2025 година.

На Првата конститутивна седница присутните беа запознати со функцијата и структурата на Ученичкиот парламент, како и за начинот на избор на претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент.

Седницата ја водеше ученичката Тамара Танчева од 2-1 клас, а на седницата присуствуваа наставници и членовите на Ученичкиот парламент.

## Активности од стручен соработник

Во текот на учебната 2024-2025 година од реализираните активности на Душанка Иванова – стручен соработник-психолог, наведуваме некои:

- Реализирани работилници за развој на компетенциите за ментално здравје и добросостојба со ученици со наслов: „Развивање на свесноста за сопствените емоции“, Справување со лутина“, „Ментално здравје и остварување на добросостојба“, „ Справување со тешки искуства“ и „Асертивна комуникација“.
- Подготвена работилница за класни раководители на тема „Емпатија“.
- Ментор на пано во холот на училиштето на тема: „10 Октомври – Светски ден на менталното здравје“.
- Текст за дискусија на класен час „10 Октомври - Светски ден на менталното здравје“.
- Одбележување на Светскиот ден на борба против ХИВ/СИДА со изготвување на текст за дискусија на класен час.
- Менторирање на ученици со проф. Васка Петкова наставник по македонски јазик и литература и Драган Вељковиќ наставник по музичка уметност, за проектот Ораторство „Овој свет е за сите нас“, кој се одржа на 01.11.2024 година во Кино салата на училиштето.

Учесници: Надица Ангелова од III-1 клас, Ана Коцева од I-3 клас, Лилјана Лазова од II-3 клас, Цветанка Ристовска од III-3 клас, Љубица Стефанова од II-3 клас, Ивана Секуловска од II-2 клас, Лара Росоманска од II-4 клас, Елена Илова од III-3 клас, Доменика Митевска од II-7 клас, Александар Стојков од IV-7 клас, Арелена Гостимировиќ од IV-2 клас, Сара Митрева од II-2 клас, Мила Стојанова од III-4 клас, Марија В'чкова од IV-5 клас, Јана Трајкова од II-2 клас, Матеа Чупаркоска од II-4 клас, Методи Јованчев од IV-5 клас, Мартина Илиевска од III-1 клас, Никола Петров од III-1 клас, Надица Цветкова од III-3, Патриција Ѓорчева од I-3, Јелица Лазарова од II-3.

- Менторирање на оратори на Хуманитарна Ораторска вечер (две изведби), која се одржа на 02.04.2025 година во Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ Кавадарци, со мотото Кога помагаме, стануваме едно. Спаси живот-подари надеж! Паричните средства од влезниците се помош за лекување на нашиите сограѓанки Теодора Колева и Бела Кузев.
- Ментор на ученик за натпревар во категорија „Интервју за работа“ на Образовно рандеву 2025 година во организација на МАССУМ. Ученичката Доменика Митевска од 2-7 освои прво место.

## Следење на монодрамата „Шепоти во огледалото“

На 15.10.2024 година под менторство на проф. Татјана Ралевска - наставник по правни предмети, учениците од I-6, II-4, II-7 и IV-5 клас присуствуваа на монодрамата „Шепоти во огледалото“. Настанот „Шепоти во огледалото“ е дел од проектот „Јаки жени ја јакнат заедницата“ во реализација на ОЖОСВН и финансиски поддржан од Шведска. Изведбата на настанот беше во Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ Кавадарци.

## Избран претседател и заменик - претседател на Ученичкиот парламент

На 24.10.2024 година се одржа Втората седница на Ученичкиот парламент на која беше избран претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент за учебната 2024/2025 година.

По упатениот Повик на Првата конститутивна седница на Ученичкиот парламент за избор на претседател се пријавија двајца кандидати: Методи Јованчев и Игнат Петров, ученици од четврта година. Учениците се претставија пред присутните со програма за работа на Ученичкиот парламент и ги истакнаа причините кои ги мотивирале да аплицираат за оваа функција.

По извршениот избор преку тајно гласање за претседател на Ученичкиот парламент во учебната 2024/2025 година членовите на Ученичкиот парламент го избраа ученикот Методи Јованчев од 4-5 клас, а за заменик-претседател ученикот Игнат Петров од 4-5 клас. Седницата ја водеше Тамара Танчева од 2-1 клас.

На седницата присуствуваа директорот на училиштето м-р Зоран Милевски, стручната служба, професори и членовите на Ученичкиот парламент.

**Дебата „Имам став“**

Во Собранието на Република Северна Македонија на 24.10.2024 година, под менторство на проф. Александра Ристова наставник по правни предмети и проф. Татјана Ралевска наставник по правни предмети, нашите учениците учествуваа на едукативната активност ,,Имам став” во која ги бранеа своите ставови на одредени теми.

Активноста ги стимулира учесниците да развиваат сопствени ставови во врска со актуелни политички теми и истите да ги бранат со аргументи пред останатите учесници, со цел изнаоѓање на решение кое ќе биде прифатено и поддржано од мнозинството на учесници. Нашите ученици дебатираа на темите: ,,Иселувањето на младите”; ,,Борбата со феноменот на лажни вести (fake news)” и ,,Реформи во образованието” и покажаа демократска зрелост и политичка култура.

**Ораторство**

На 01.11.2024 година Васка Петкова – наставник по македонски јазик и литература, Душанка Иванова – психолог и Драган Вељковиќ – наставник по музичка уметност организираа ораторство на тема: „Овој свет е за сите нас!“. Ораторството се одржа во кино-салата на училиштето, а со свои однапред подготвени текстови, учество зедоа ученици од прва, втора, трета и четврта година.

**Учество на учениците во Интернационалниот натпревар Дабар**

Ученици од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ под менторство на Благородна Лазова наставник по информатика, зедоа учество во Интернационалниот натпревар Дабар 2024 во периодот од 04.11.2024 до 08.11.2024 година. Учениците земаа учество на овој натпревар преку решавање на логички задачи од различни области и добија соодветни сертификати за учество на натпреварот.

**Донација „Донирај компјутер“**

На 01.12.2024 година во нашето училиште беа донирани 20 лаптоп компјутери и 10 монитори од „Донирај компјутер“. Оваа иницијатива предводена од Борче Стаменов има

за цел да го поддржи дигитализирањето на наставата и да им овозможи на учениците полесен пристап до современи образовни алатки. Директорот на гимназијата во знак на признание му врачи благодарница на Борче Стаменов. Исто така, им се заблагодари на нашите ученици Гордана Клинчарова и Ѓорѓи Костадинов од III-4 клас за огромното залагање и поддршка во одржувањето на компјутерите во училиштето, кои воедно се и волонтери во иницијативата „Донирај компјутер“.

„Донирај компјутер“ веќе долго време е препознаена како иницијатива која помага на различни општествени сектори преку обезбедување технолошки ресурси. Со својата мисија за намалување на дигиталниот јаз, иницијативата придонесува кон подготовката за современиот дигитален свет.

**„Евгениј Онегин“- театарска претстава за копнежот и силата на љубовта**

На 11.12.2024 година во Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ учениците под менторство на професорите Васка Петкова наставник по македонски јазик и литература и Драган Вељковиќ наставник по музичка уметност, во режија на Микица Илова, зедоа учество во театарската претстава **„**Евгениј Онегин“- театарска претстава за копнежот и силата на љубовта.

Во улогата на Евгениј Онегин, претставникот на градската благородничка средина и заводник со сто лица, беше ученикот Александар Стојков од IV-7 клас, во ликот на Татјана Ларина, нежната девојка која премногу веруваше во човечноста и искреноста на луѓето беше ученичката Марија В'чкова од IV-5 клас. Во улогата на поетот, романтичарскиот занесеник Владимир Ленски, беше Ристе Стојанов од IV-6 клас. Беспрекорно точна игра прикажувајќи ја наивноста, емотивноста, едноставноста и вљубеноста на младиот поет кој честа на својата свршеница Олга ја стави пред својот живот. Ликот на младата Олга Ларина на сцената го донесе Ивана Секуловска ученичка во II-2 клас, која ја плени публиката со својата харизма, танцувачки способности и плачот по својот Ленски. Мајката на Ларини беше Марија Шалевска ученичка во III-6 клас, а дадилката Цветанка Ристовска ученичка во III-3 клас. Во улогата на сопругот на Татјана Ларина, блесна Јован Илов ученик во III-2 клас, кој внесе една нота на грациозност од високото руско општество, но и емотивност и човечност кон својата сопруга. Нараторки кои го водеа својот јунак Евгениј и ги поврзаа минатото и сегашноста беа ученичките: Елена Илова III-3 клас, Мартина Илиевска III-1 клас, Надица Ангеловска III-1 клас, Лилјана Лазова II-3 клас и Дијана Мишова III-5 клас.

**Анонимни пораки упатени од ученици кон своите врсници во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“**

Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Првата детска Амбасада во светот МЕЃАШИ, на 16.12.2024 година во училиштето беше поставена кутија, во која учениците имаа можност да напишат по една анонимна порака која би сакале да им ја испратат на своите врсници и истата да ја остават во кутијата. Активноста имаше за цел да ги поттикне учениците да негуваат пристојна и позитивна комуникација. Оваа активност беше спроведена под менторство на Јасминка Ризова стручен соработник педагог и Стефанија Костадинова стручен соработник социолог.

**Хуманитарна акција на учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци**

На 23.12.2024 година беше одржана хуманитарна акција по 14ти пат од учениците од Гимназија „Добри Даскалов“ под менторство на проф. Елизабета Иговска наставник по

биологија со поддршка на директорот м-р Зоран Милевски во дневниот центар за лица со попреченост во Кавадарци. Воедно беше одбележан 3 декември – Денот на лицата со попреченост и Новогодишните празници. Во акцијата активно беа вклучени ученичкиот парламент, под менторство на проф. Наташа Матакова- наставник по историја и проф. Стефанија Костадинова стручен соработник-социолог. Беше донирана аголна гарнитура за седење, принтер, новогодишни пакетчиња и друштвени игри. Исто така, во мал групен дом беа донирани новогодишни пакетчиња.

**Истражувања за биолошките особини на живите организми**

Во периодот од 02.12.2024 до 25.12.2024 година под менторство на проф. Богде Коцева–наставник по биологија учениците од прва година спроведоа 8 истражувања за биолошки особини на живите организми и потоа истите беа презентирани за време на класен час.

**Активност „На денешен ден“**

На 27.12.2024 година во холот на училиштето беше изработено изложбено Пано од следниве ученици: Ѓорчева Весна I-2, Стефанија Честојнова I-2, Надица Пецова I-2 и Кристина Петровска од I-2 клас под менторство на проф. Валентина Димитрова-наставник по географија на следниве теми: Најниска измерена температура, Стогодишен јубилеј на Националното географско друштво, Чарлс Дарвин започнува патување со брод кое има големо значење за неговта теорија за еволуција, Откриен магнетар, тип на неутронска ѕвезда, роден е Јоханес Кеплер, германски астроном.

**Посета на нотарска канцеларија нотар Марија Лазова**

Учениците од IV-7 клас под менторство на Александра Ристова професор по правни предмети и оваа учебна година беа во посета на нотарската канцеларија – нотар Марија Лазова, нотар Роза Алексова и нотар Љубинка Костадинова каде што имаа можност практично да се запознаат за надлежностите и работата на нотарите. Се реализираа активности поврзани со средување, дополнување и пополнување на обрасците неопходни за наставниот предмет „Учење преку работа кај работодавач“.

**Гимназијалците како двигатели на позитивни промени**

Оваа учебна година во нашето училиште беше организирана еколошка акција за фарбање на училишните скали од ученици од III година. По нивна иницијатива, а со поддршка на директорот на гимназијата м-р Зоран Милевски и проф. по македонски јазик и литература Ристенка Јосифова, тие решија да ги разубават и освежат старите и избледени скали, користејќи еколошки бои и материјали. Акцијата не само што придонесе за подобрување на изгледот на училиштето, туку и покажа колку е важно младите да се вклучат во грижата за својата средина. Учениците со својата креативност и труд ги мотивираат и останатите врсници да преземат позитивни чекори кон подобрување на животната средина.

**Новогодишен турнир во табла „Ромбо 2024“**

Како и секоја година, па така и оваа учебна година, во чест на поранешниот колега Гоце Јосифовски – Ромбо, наставник по ликовна уметност, колегите организираа новогодишен турнир во табла. Победниците кои се пласираат на прво и второ место, добиваат награди и признанија.

**Ученичко катче – Простор за дружење, креативност и инспирација!**

Во нашето училиште на 25.03.2025 година беше отворено ученичко катче, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“. Овој простор – ученичко катче произлезе по иницијатива на самите ученици, а со поддршка и менторство на професорите м-р Марија Добринова наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник социолог. Неговата реализацијата е со финансиски средства добиени од самиот проект и не претставува само уште еден дел од училиштето, туку место кое ќе поттикне дружење, креативност и заедничко учење.

Со создавањето на ученичкото катче и активностите што беа спроведени во училишното катче, во училиштето се внесе топлина и позитивност и се поттикна меѓусебната поддршка, а воедно и придонесе и за активно вклучување на учениците во училишните активности.

Преку активностите учениците научија подобро да соработуваат, подобро да комуницираат, да им се развива критичкото размислување и креативноста, а истовремено се чувствуваат послободни да ги изразуваат своите мислења и идеи.

Со планираните активности ќе се зајакнат односите меѓу професор – ученик и ќе се поттикне поголема доверба. Катчето ни претставува пример дека малите проекти и иницијативи можат да донесат значајни промени во подобрување на училишниот живот.

**Успешно спроведена крводарителска акција**

На 25.03.2025 година во организација на Црвен крст Општинска организација Кавадарци и Институтот за трансфузиона медицина Скопје, во просториите на СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ Кавадарци се спроведе доброволна крводарителска акција.

Акцијата беше успешно спроведена, со голем одѕив од страна на учениците, професорите и хумани граѓани кои сите заедно придонесоа да се зголемат резервите на течноста која значи живот.

СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ ќе продолжи со вакви активности, со цел да придонесиме за спасување животи и подобрување на здравјето на заедницата.

**Преку активноста Еколошки предизвик до квалитетна животна средина**

По иницијатива на Ученичкиот парламент на СОУ Гимназија„ Добри Даскалов“, во месецот на пролетта и екологијата на 28.03.2025 година беше реализирана активноста „Еколошки предизвик“. Активноста беше реализирана во училишниот двор од страна на членови на Ученичкиот парламент, поддржани од директорот м-р Зоран Милевски, наставниците и стручната служба во училиштето.

Целта на активноста беше подигање на еколошката свест кај учениците и промоција на заштитата и унапредување на животната средина. Акцијата беше реализирана во училишниот двор најпрво со засадување на 18 садници, а потоа учениците добија ливче со еколошки предизвик преку чие реализирање ќе придонесат до чиста животна средина.

Со оваа активност Ученичкиот парламент изрази надеж дека промовирањето на еколошко прифатливо однесување ќе придонесе до формирањето навики за создавање и заштита на квалитетна животна средина.

**Хуманитарна ораторска вечер**

На 02.04.2025 година Ученичкиот парламент на СОУ Гимназија ,,Добри Даскалов" организираше хуманитарна ораторска вечер со цел собирање средства за лекување на Бела Кузева и Теодора Колева, во Дом на култура „Иван Мазов Климе" Кавадарци.

**Перформанс за паметење-гимназијалците во улогите на безвременските класици**

Спојот на литературата, музиката, талентот и желбата која ја краси младоста, на сцената во библиотеката „Феткин" го донесоа перформансот „Слушни ја мојата приказна". Од страниците на безвременските класици на францускaта, германската, руската, американската и македонската литература, впечатливите ликови и нивните животни приказни направија пат до срцата на современиот човек носејќи ја идејата дека литературата и животот едно се, заедно патуваат низ времето и просторот.

Преку одличната соработка на библиотека „Феткин" и СОУ Гимназија „Добри Даскалов" се испиша уште една успешна приказна и им се даде поттик на младите луѓе. Гимназијалците под менторство на професорката Васка Петкова создадоа ремек дело кое долго ќе се памети, покажаа знаење, голем театарски талент и заедно ја раскажаа својата приказна. Со почит кон литературните дела ја оживеаја историјата и не потсетија дека вечните човекови прашања ги поставуваме низ сите времиња. Прашањето за смислата на животот, љубовта, општеството, целта, моралот…

**Запознај ја својата иднина – инспиративна посета на 9-одделенците во Гимназијата „Добри Даскалов"**

И оваа учебна година во нашето училиште беше реализирана посета од страна на 9-одделенците. Нашите гости – деветтоодделенци со голем интерес се запознаа со сѐ што нуди гимназијата: насоки, активности, професори и атмосфера.

Мотивирани, љубопитни и полни со енергија – едвај чекаме да им посакаме добредојде како нови гимназијалци!

**Гимназијата потпиша Меморандум за соработка со Хајделберг Факултет во Скопје**

На иницијатива за унапредување на образовниот процес и проширување на можностите за учениците, Гимназија „Добри Даскалов" – Кавадарци потпиша Меморандум за соработка со Приватната високообразовна установа Висока стручна школа „Хајделберг Факултет во Скопје". Соработката беше официјализирана со потписи од директорот на гимназијата, м-р Зоран Милевски и претставници на факултетот.

Меморандумот претставува значаен чекор кон поврзување на средното и високото образование, а директорот м-р Зоран Милевски истакна дека ваквите партнерства се

клучни за отворање нови хоризонти пред учениците и подготовка за нивната идна академска и професионална надградба.

Целта на овој Меморандум е воспоставување на долгорочна и плодна соработка во областа на образованието преку размена на знаења, искуства и едукативни активности од заеднички интерес. Двете институции се согласуваат дека преку заеднички напори можат да придонесат кон создавање на поволна средина за развој на младите и нивна подготовка за високото образование и пазарот на трудот.

Предвидени се повеќе форми на соработка, меѓу кои: стручни предавања од професори на Хајделберг Факултетот, практикантства за учениците во компании членки на нивниот Бизнис совет и заеднички едукативни проекти. Овие активности ќе им овозможат на учениците подобро разбирање на современите образовни и професионални трендови.

Со потпишувањето на овој Меморандум, Гимназија „Добри Даскалов“ уште еднаш го потврдува своето залагање за квалитетно образование, отворајќи нови можности за своите ученици и поставувајќи темели за конструктивна и продуктивна соработка со високото образование.

**Емотивна изведба на театарската претстава „Татковиот дом“**

Да бидеш гимназијалец значи да бидеш успешен,да имаш остварени соништа и општествени мисии. Со театарската претстава „Татковиот дом“- адаптација на текст на Горан Стефановски, под менторство на Васка Петкова наставник по македонски јазик и литература, гимназијалците донесоа култни реплики, сценска игра, моќни сцени и незаборавно театарско доживување. Присутните во салата со громогласен аплауз им се заблагодарија за сите емоции кои им ги подарија,за цела професионалност со која го оживаеја текстот на сцената. Гордост се на нашето училиште и целиот град. Дел од учениците оваа година го завршуваат средношколското образование,а овие неколку години ги видовме како храбри оратори, успешни рецитатори, учесници во повеќе кратки видеа со кои освојуваа највисоки државни награди, во првонаградениот филм „Роза на асфалтот“, во бројни театарски претстави. Ги видовме на сцените во државата и странство како високо ги креваат наградите и искрено се радуваат.

Но најважно од се е што ги видовме како големи хуманитарци кои секогаш беа подготвени да помогнат. Пораката која овие млади луѓе ја испратија е дека нема ништо посвето на светот од татковиот дом, од почитта и љубовта во него. Низ какви времиња и да се минува силата секогаш е во сплотеноста на семејството. Светлината на свеќите симболично ја донесе храброста да се истрае, да се издржи и тогаш кога се мисли дека е најтешко. Свртеноста кон коренот, кон своето, кон македонското ја одбележа театарската игра испраќајќи го гласот на една младост која чекори кон нови животни поглавја и успеси. Останува долго да се памети изведбата и да ја чуваме како драг спомен во најтоплиот дел од нашите срца.

**Реализирани активности од наставник по македонски јазик и литература**

Во текот на учебната година од страна на Васка Петкова-наставник по македонски јазик и литература заедно со учениците беа реализирани следниве активности:

- Музичко-сценска изведба „Евгениј Онегин“ 11.12.2024 година, Дом на култура „Иван Мазов-Климе“, 11 учесници од II-IV година;
- Хуманитарна ораторска вечер, Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ 02.04.2025;
- Литературен перформанс „Слушни ја мојата приказна“ библиотека Феткин;
- Соработка со Музеј галерија-Кавадарци, снимање кратко видео, 07.02.2025;
- Учество на поетска манифестација „Пролет, љубов, смеа“- Свети Николе, награда за најдобра интерпретација 23.04.2025;
- Рецитал по повод отворање на СОС Детско село, општина Кавадарци 25.04.2025;
- Литературен перформанс „Слушни ја мојата приказна „Национална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ 07.05.2025;
- Театарска претстава „Татковиот дом“ Дом на култура „Иван Мазов-Климе“ 04.06.2025;
- Културна манифестација по повод 16 јуни, Моклиште.

## Постери за истакнати физичари

Учениците од прва и трета година со поддршка на Ристе Стојанов, наставник по физика изработија и поставија постери за истакнати физичари во првата половина на мај, со цел да ја истражат нивната улога во науката. Проектот вклучуваше истражување на животот и достигнувањата на овие научници, како и креативно визуелно претставување на нивните идеи.

Изработените постери беа поставени во холот на училиштето, поттикнувајќи дискусии и интерес кај останатите ученици. Овој пристап овозможи интерактивно учење и развивање на тимска работа, комбинирајќи научна анализа со креативност. Активноста беше успешна, придонесувајќи кон подлабоко разбирање на физиката и нејзиниот историски развој.

## Реализирани активности од стручен соработник

Во текот на учебната година од страна на училиштниот педагог Јасминка Ризова, беа реализирани низа активности со ученици, наставници и родители:

- Презентација за јаболкобер – Јаболко 25.09.2024 година

Ученици: Снежана Кузманова од 1-4 клас, Милан Ѓорев, Марко Плачков, Благој Милков и Горан Коцев од 1-5 клас.
Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Богде Коцева – професор по биологија

- Флаер за Јаболкото (Комбинација од храна и лек)

Ученици: Илина Коруновска од 1-4 клас и Дамјан Павлески од 1-4 клас
Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Богде Коцева – професор по биологија

- Флаер за Јаболкото (Плод на есенска магија)

Ученици: Илина Коруновска од 1-4 клас и Дамјан Павлески од 1-4 клас
Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Богде Коцева – професор по биологија

- Флаер за Јаболкото (Бенефитите од јаболкото)

Ученици: Снежана Кузманова од 1-4 клас, Марко Плачков од 1-5 клас
Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Богде Коцева – професор по биологија

- Презентација по повод 16 Октомври – Светскиот ден на гладта

По повод одбележувањето на Неделата на борба против гладта, учениците од прва година подготвија презентација на тема „Борба против гладта“.

Презентацијата беше подготвена од: Марија Дојчинова и Евгенина Кицова од I-7 клас

Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Стефанија Костадинова - социолог

- Реализирање на едукативна работилница со учениците од 1-1 клас

Тема: „Работа со млади – Справување со емоции“

Активноста е согласно Задолжението за реализација на активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители на воспитно-образовниот процес од МОН и БРО, како и согласно проектот: „Подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес“. Датум: 30.10.2024 година

- Изработка на изложбено Пано во холот на училиштето по повод Патрониот празник на тема: „Важноста на домашните миленичиња за менталното здравје“

Паното го изработија учениците од II-4 клас: Ангела Кочова и Христина Јанчева

Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Стефанија Костадинова – социолог

Датум: 13.11.2024 година

- Изработка на изложбено Пано во холот на училиштето по повод Патрониот празник на тема: „Загадување на воздухот“

Паното го изработија учениците од III-5 клас: Ана Мариа Димова, Јана Димкова, Викторија Несторовска, Тамара Бошковска и Лана Пендева.

Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Богде Коцева – професор по биологија

Датум: 13.11.2024 година

- Реализирање на едукативна работилница со учениците од 1-7 клас

Тема: „Саморегулација“

Активноста е согласно Задолжението за реализација на активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители на воспитно-образовниот процес од МОН и БРО, како и согласно проектот: „Подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес“. Датум: 17.12.2024 година

- Изготвување на Новогодишни и Божиќни честитки по повод претстојните Новогодишни и Божиќни празници кои беа поделени на учениците.

Ученици кои ги изработија и поделија честитките: Матеа Манева, Евгенија Кицова и Марија Дојчинова од 1-7 клас. Ментори: Јасминка Ризова – педагог и Стефанија Костадинова – социолог. Датум: 20-26.12.2024 година

- Водење/реализирање на две работилници, една работилница со со ученици и една со родители, членови на Советот на родители и Одборот на родители согласно проектот: „Промоција на безбедна училишна средина“ кој го спроведува Коалиција СЕГА, Меѓаши и Песталоци, како и претставници од проектот Жарко Змијанац. Тема: „Превенција и заштита од насилство и позитивно родителство“. Датум: 13.12.2024 година

- Реализирање на едукативна работилница за здрава исхрана со учениците од 1-5 клас. Тема: „Важноста на здравата исхрана за здравјето на луѓето“.

Активноста е согласно Задолжението за реализација на активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители на воспитно-образовниот процес од МОН и БРО, како и согласно проектот: „Подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес“, Февруари, 2025 година.

- Реализирање на едукативна работилница за здрава исхрана со учениците од 1-1 клас. Тема: „Важноста на физичката активност, исхраната и спиењето“, активност Моите животни навики.

Активноста е согласно Задолжението за реализација на активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители на воспитно-образовниот процес од МОН и БРО, како и согласно проектот: „Подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес“, Март, 2025 година.

- Реализирање на едукативна работилница за здрава исхрана со учениците од 1-3 клас. Тема: „Важноста на физичката активност, исхраната и спиењето“, активност Фактори кои влијаат на мојата исхрана.

Активноста е согласно Задолжението за реализација на активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители на воспитно-образовниот процес од МОН и БРО, како и согласно проектот: „Подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес“, Април, 2025 година.

- Реализирање на едукативна работилница за здрава исхрана со учениците од 1-3 клас. Тема: „Толеранција“, активност Да поттикнеме толеранција меѓу луѓето.

Активноста е согласно Задолжението за реализација на активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители на воспитно-образовниот процес од МОН и БРО, како и согласно проектот: „Подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес“, Мај, 2025 година.

- Изготвување Текст за дискусија на Класен час по повод 8 декември – државен празник „Св.Климент Охридски“.
- Изготвување Текст за дискусија на Класен час на тема: „Грип – превенција и лекување“.
- Менторирање ученици од прва година за учество на државниот натпревар „Европски квиз на пари“, ученици Михаела Михова, Андријана Пенчева од 1-1 клас, Цветанка Касапинова, Ивана Михајлоска од 1-5 клас.
- Менторирање на ученици за учество на државен натпревар Образовно рандеву 2025 година во организација на МАССУМ, ученици Марија Манева и Благица Трпкоска од 4-6 клас.
- Организација и координирање на ученици од прва година за учество во работилници согласно проектот „Градење на здрави животни навики“, училиштни координатори јасминка Ризова, педагог и Стефанија Костадинова, социолог.
- Менторирање на ученици за изготвување на изложбено Пано по повод 21 Март, ден на Екологијата и пролетта.
- Менторирање на ученици за изготвување на Презентација по повод 22 Март, светски ден на заштита на водата.

- Менторирање на ученици за изготвување на изложбено Пано по повод 1 мај, Ден на трудот.
- Менторирање на ученици за изготвување на изложбено Пано по повод 7 април, светски ден на здравјето.
- Менторирање на ученици за изготвување на изложбено Пано по повод 8 март, меѓународен ден на жената.
- Менторирање на ученици за изготвување на изложбено Пано по повод верскиот празник Велигден.
- Реализирање работилница со ученици од прва година по повод 22 април, светски ден на планетата Земја.

**Состаноци**

Како и претходните полугодија, така и ова полугодие се одржаа повеќе состаноци на ниво на училиште: Наставнички совети, совети на паралелките, состаноци со раководителите на паралелките, со претседателите на стручните активи, со менторите на проектните активности и содржините програмирани од училиштето, со стручната служба, со учениците, со ученичкиот парламент, со комисии за патронен празник, со комисии за државна матура, состаноци со предметни наставници кои се вклучени во разни проекти и сл.

Состаноците беа со различен дневен ред во зависност од периодот и активностите што произлегуваа и следуваа. Состаноците ги водеше раководниот орган на училиштето во присуство на помошник директорот и стручната служба.

**Минување на наставниот материјал**

Наставниот материјал се минуваше редовно според годишните планирања и тематските планирања на наставниците по наставните планови и програми од страна на Бирото за развој на образованието. Направени се планираните повторувања, вежби, тестови на знаења и писмени работи.

**Реализација на Проектни активности и Содржини програмирани од училиштето**

Од искажувањата на менторите на проектните активности и содржините програмирани од училиштето, од доставените извештаи, реализацијата на истите се спроведува согласно Планот и програмата. Тие се во тек на реализација, а учениците ги спроведуваат своите активности, задачи и задолженија од страна на менторите.

**Пролетен ден за ученици и наставници**

На 02.05.2025 година се реализираше пролетен ден за сите ученици и наставници од нашето училиште. Активноста за овој ден се одржа на спортските терени од Спортската сала Јасмин во Кавадарци. Учениците и наставниците реализираа повеќе спортски игри и натпревари организирани од страна на стручниот актив по спорт и спортски активности.

**Изготвување едукативни и промотивни материјали**

Во текот на првото полугодие беа изготвени следните материјали:

- Статистички извештаи за Државен завод за статистика Велес,
- Табеларни прегледи, статистички извештаи, анкети и прашалници за работата на училиштето за потребите на други институции, МОН, БРО, ДПИ, ЛС, ЦСОО, ДИЦ по однос на разни прашања,
- План за одржување дополнителна и додатна настава,
- Распоред за запишување на часовите во дневниците на паралелките за дополнителна и додатна настава,
- План за ментори на проектни активности, слободни часови и содржини програмирани од училиштето,
- Распоред за запишување на часовите на проектни активности, слободни часови и содржини програмирани од училиштето,
- Распоред за запишување на часовите од изборните предмети во дневниците на паралелките,
- Флаери за Кодексот на однесување на учениците,
- Флаери за интеграција на Еколошката програма,
- Извештај за Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје во учебната 2024/25 година,
- Покана за Патрониот празник на училиштето,
- Текст за работа на класен час на тема: „Свети Климент Охридски“,
- Презентација за ХИВ/СИДА,
- Флаери за термини и рокови за учениците од четврта година за полагање на Државна матура 2024/2025,
- Презентации и флаери за одбележување на значајни датуми.

**Неработни денови во текот на учебната година**

Во текот на учебната 2024/2025 година неработни денови беа следните денови:

- 09.09.2024 година (понеделник) Државен празник, Ден на независноста,
- 11.10.2024 година (петок) Државен празник, Ден на народното востание,
- 23.10.2024 година (среда) Државен празник, Ден на Македонската револуционерна борба,
- 13.11.2024 година (среда) Патронен празник на училиштето,
- 09.12.2024 година (понеделник) Државен празник „Свети Климент Охридски“,
- 31.03.2025 година (понеделник) Државен верски празник, Рамазан Бајрам,
- 18.04.2025 година (петок) Државен верски празник, Велики Петок, Петок пред Велигден,
- 21.04.2025 година (понеделник) Државен верски празник, Велигден,
- 01.05.2025 година (четврток) Државен празник, Ден на трудот,
- 06.06.2025 година (петок) Државен празник, Духовден.

## Професионален развој на наставниците и стручните соработници

| Име и презиме | Датум | Тема на обуката/семинарот | Предавач | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| м-р Зоран Милевски | 05.12.2024 | Семинар „Учење во дигитална околина“ во рамки на меѓународното тестирање ПИСА | | МОН,БРО, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Здружение на информатичари во Македонија |
| м-р Нада Лазова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| м-р Нада Лазова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| м-р Нада Лазова | 26.05.2025 | Курс „ПЗН-Применети знаења на ЕдуЛаб-дигиталниот курс“, во рамки на проектот „Помоција на безбедна училишна средина“ | | СмартАП-лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Душанка Иванова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Душанка Иванова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Душанка Иванова | 18/19.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Душанка Иванова | 09/10.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Душанка Иванова | 30.11.2024 | „Денови на психологија“ Едукативни работилници од областа на психологијата | Гаврило Романович Державин | Меѓународен Славјански Универзитет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Душанка Иванова | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Душанка Иванова | 17.12.2024 | ЕдуЛаб вебинар Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство- примери на добри пракси | | СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Душанка Иванова | 27.12.2024 | Online средба за Кариерно советување и менторска програма | | МОН, БРО, Национален младински совет на Македонија |
| Душанка Иванова | 15.05.2025 | Online Работилница „Психолошка прва помош за деца во ситуации на страв, стрес и анксиозност: Стратегии за стручни лица“ | | Здружение Ас-Анима- ПсихоВелнес и Советување Гостивар |
| Душанка Иванова | 26.05.2025 | Курс „ПЗН-Применети знаења на ЕдуЛаб- дигиталниот курс“, во рамки на проектот „Помоција на безбедна училишна средина“ | | СмартАП- лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Јасминка Ризова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Јасминка Ризова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Јасминка Ризова | 16/17.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јасминка Ризова | 26/27.09.2024 | Имплементација на Националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование | | МОН,БРО, ГОПА |
| Јасминка Ризова | 14/15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Јасминка Ризова | 17.12.2024 | Еду Лаб вебинар Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри пракси | | СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Јасминка Ризова | 26.05.2025 | Еду Лаб Дигитален курс на тема: „Превенција и заштита од насилство“ | | СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје, МЦГО |
| Јасминка Ризова | 21.05.2025 | Еду Лаб вебинар за „Тренинг за сајбер безбедност за едукатори“ | | СмартАП – Лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Стефанија Костадинова | 15.08.2024 | Вештини за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците | | МОН,БРО, ГОПА |
| Стефанија Костадинова | 16.08.2024 | Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење | | МОН,БРО, ГОПА |
| Стефанија Костадинова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стефанија Костадинова | 21.08, 22.08. и 23.08.2024 | Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците | | МОН,БРО, ГОПА |
| Стефанија Костадинова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Стефанија Костадинова | 16/17.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Стефанија Костадинова | 24.09.2024 | Online средба Проект „Промоција на безбедна училишна средина“ за поддршка на ученичките парламенти,едукација за учениците | Томислав Гајтановски, Милена Игњатова | Коалиција на младински организации СЕГА, МЦГО,Мегаши, СМАРТ АП |
| Стефанија Костадинова | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Стефанија Костадинова | 17/18.12.2024 | Конференција „ Размена на практики“ во рамки на проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“ | Сара Дерета, Стефанија Змијанац | Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) |
| Стефанија Костадинова | 26.05.2025 | Курс „ПЗН-Применети знаења на ЕдуЛаб-дигиталниот курс“, во рамки на проектот „Помоција на безбедна училишна средина“ | | СмартАП-лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Стефанија Костадинова | 05.06.2025 | Учество во фокус групи во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ | | СмартАП-лабораторија за социјални иновации Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ристенка Јосифова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Катица Манева | 17.12.2024 | Вебинар на тема: „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери и добри пракси“ | Ана Попризова | |
| Катица Манева | 11.12.2024 | Вебинар на тема: „Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците“ | Иван Христов | |
| Гордана Еленова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Гордана Еленова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Кочо Кочов | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Кочо Кочов | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Петкова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Петкова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Ленча Анѓушева-Чаушева | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Александра Петреска | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Александра Петреска | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | | МОН,БРО, ГОПА |
| Александра Петреска | 17.12.2024 | Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси | | |
| Сања Илова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Сања Илова | 21.08, 22.08. и 23.08.2024 | Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците | | МОН,БРО, ГОПА |
| Сања Илова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Таневска | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Таневска | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Таневска | 16/17.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Таневска | 29.09.2024 | Учество на онлајн координативна средба со раководителот за развој на ресурси | | Коалиција на младински организации СЕГА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Васка Таневска | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Таневска | 26.11.2024 | Selfie for teachers Учество во прашалник како наставник | | |
| Васка Таневска | 17.12.2024 | ЕДУЛАБ вебинар: Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство – примери на добри пракси | | СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации |
| Анастазија Костова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Анастазија Костова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Анастазија Костова | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Зорица Јованова | 16.08.2024 | Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење | | МОН,БРО, ГОПА |
| Зорица Јованова | 21.08, 22.08. и 23.08.2024 | Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување | | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на наставниците | | |
| Зорица Јованова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Александра Кароловска | 05.06.2025 | Учество во фокус групи во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ | | СмартАП-лабораторија за социјални иновации Скопје |
| м-р Невенка Поп-Ангелова | 26-27.09.2024 | „Имплементација на Националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование” | | МОН,БРО, ГОПА |
| м-р Невенка Поп-Ангелова | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Соња Попова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Соња Попова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Соња Попова | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Фиданка Илова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Фиданка Илова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Фиданка Илова | 16/17.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фиданка Илова | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Васка Трендафилова | 05.12.2024 | Семинар за наставници кои предаваат математика со цел подобрување на резултатите на меѓународносто тестирање ПИСА | | МОН, БРО |
| Сања Ѓорѓиев | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Сања Ѓорѓиев | 16/17.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Сања Ѓорѓиев | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Благородна Лазова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Благородна Лазова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Благородна Лазова | 16/17.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Благородна Лазова | 24.09.2024 | Online Обука за ПИСА училишни координатори | | МОН,ДИЦ |
| Благородна Лазова | 03.10.2024 | Online сесија со прашања и одговори за ПИСА пробното тестирање | | МОН,ДИЦ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Благородна Лазова | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Благородна Лазова | 05.12.2024 | Семинар „Учење во дигитална околина“ во рамки на меѓународното тестирање ПИСА | | МОН,БРО, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Здружение на информатичари во Македонија |
| Менче Бошкова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Менче Бошкова | 23.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Менче Бошкова | 26-27.09.2024 | “Имплементација на Националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование” | | МОН,БРО, ГОПА |
| Наташа Матакова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Наташа Матакова | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Наташа Матакова | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Наташа Матакова | 05.06.2025 | Учество во фокус групи во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ | | СмартАП-лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Горан Пановски | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Горан Пановски | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Горан Пановски | 23.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Горан Пановски | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Кристинка Крстева | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Ристе Стојанов | 29.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Ристе Стојанов | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Ристе Стојанов | Месец декември | Дигитален курс „ Примена на ИКТ алатки во секојдневната настава (основно ниво)“ во рамки на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина” | | СмартАП – лабораторија за социјални иновации |
| Даница Пецова | 16.08.2024 | Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење | | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Даница Пецова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Даница Пецова | 06.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Даница Пецова | 24.09.2024 | Online Обука за ПИСА училишни координатори | | МОН,ДИЦ |
| Даница Пецова | 03.10.2024 | Online сесија со прашања и одговори за ПИСА пробното тестирање | | МОН,ДИЦ |
| Даница Пецова | 15.12.2024 | Дигитален курс ,,Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (напредно ниво)" во рамки на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина" | | СмартАП – лабораторија за социјални иновации |
| Даница Пецова | 26.05.2025 | Курс „ПЗН-Применети знаења на ЕдуЛаб-дигиталниот курс", во рамки на проектот „Помоција на безбедна училишна средина" | | СмартАП-лабораторија за социјални иновации Скопје |
| Даница Пецова | 25.03.2025 | Обука за ПИСА 2025 | | |
| Даница Пецова | 15.04.2025 | Обука за новиот ЕСАРУЕД систем | | |
| Богде Коцева | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Богде Коцева | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Богде Коцева | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Елизабета Иговска | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Валентина Димитрова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Валентина Димитрова | 23.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Валентина Димитрова | 26-27.09.2024 | “Имплементација на Националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование” | | МОН,БРО, ГОПА |
| Валентина Димитрова | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |
| Данче Кузманова | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | | МОН,БРО, ГОПА |
| Данче Кузманова | 21.08, 22.08. и 23.08.2024 | Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците | | МОН,БРО, ГОПА |
| Данче Кузманова | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Блаже Велков | 27.08.2024 | Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи | Радмила Стојковска | МОН,БРО, ГОПА |
| Блаже Велков | 15.10.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – напреден | | МОН,БРО, ГОПА |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Блашко Клинчаров | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
| Блашко Клинчаров | 23.09.2024 | Вештини за дигитална писменост во училница – основен | Арјана Блажиќ | МОН,БРО, ГОПА |
| Блашко Клинчаров | 14/15.10.2024 | Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани програми | Булент Килинѓ | МОН,БРО, ГОПА |
| Тимче Пецов | 15/16.08.2024 | Инклузивна педагогија од страна на училиштето | Данче Тодоровска | МОН,БРО, ГОПА |
